Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет – Скопје

Последипломски студии на Институтот за социологија

Магистерски труд на тема:

# Социолошки аспекти на современите културни војни во САД

Ментор:
проф. д-р Антоанела Петковска

Кандидат:
Сашо Веновски

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски факултет – Скопје

Последипломски студии на Институтот за социологија

## Магистерски труд на тема:

# Социолошки аспекти на современите културни војни во САД

Ментор:
проф. д-р Антоанела Петковска

Кандидат:
Сашо Веновски

# Sociological aspects of modern USA culture wars

## Abstract

American society has been increasingly polarized and radicalized in recent years. Some of the major manifestations of that polarization are carefully choreographed events commonly known as culture wars. The causes and consequences of those culture wars have been the subject of much debate but the fact still remains that the public discourse which was traditionally used as a method of settling differences and finding social compromise has been replaced by media battles for ideological domination. On the surface the culture wars are typically centered on a particular cultural issue, something that the majority of the population can relate to. Those issues can be directed towards identity politics, cultural values, ideology, religion, race, and other interests but this study shows what remains deeply implicated in all dimensions of American polarization is in essence the original casus belli - the clash between the idea of equality vs the idea of natural order, democracy vs hierarchy, freedom for all vs freedom for some. Our analysis shows that most culture wars are carefully crafted narratives designed to show the democratic forces fighting for equity and equality as “foreign”, either by physical or ideological appearance and therefore undeserving of equal or any rights. Sociological analysis does not have to interview thousands of people anymore to find out what they think. Modern social media have ensured that key culture war naratives are almost verbatim posted and reposted. When it comes to culture wars understanding the narrative, understanding the “dog whistles” and critical discourse analysis is more important than statistics. The duty of modern sociology is therefore to demystify culture wars, expose the false narratives and bring back normality to the public discourse.

**Keywords:** culture war, polarization, politics, equality, race, democracy, public discourse

# Социолошки аспекти на современите културни војни во САД

## Апстракт

Американското општество е сè повеќе поларизирано и радикализирано во последниве години. Некои од главните манифестации на таа поларизација се внимателно кореографирани настани попознати како културни војни. Причините и последиците од тие културни војни беа предмет на многу дебати, но сепак останува фактот дека јавниот дискурс кој традиционално се користеше како метод за решавање на разликите и изнаоѓање социјален компромис е заменет со медиумски битки за идеолошка доминација. На површината, културните војни обично се фокусирани на одредено културно прашање, нешто со што мнозинството може да се идентификува. Тие прашања можат да бидат насочени кон идентитетската политика, културните вредности, идеологијата, религијата, расните или други интереси, но оваа студија покажува дека она што останува длабоко вмешано во сите димензии на американската поларизација е во суштина оригиналниот casus belli – судирот помеѓу идејата за еднаквост наспроти идејата за природен поредок, демократија наспроти хиерархија, слобода за сите наспроти слобода само за некои. Нашата анализа покажува дека повеќето културни војни се внимателно изработени наративи дизајнирани да ги прикажат демократските сили кои се борат за еднаквост и еднаквост како „туѓи“, било физички или идеолошки и затоа не заслужуваат еднакви или какви било права. Социолошката анализа не мора повеќе да интервјуира илјадници луѓе за да го дознае нивното мнение. Современите социјални медиуми се погрижија клучните наративи за културните војни да бидат речиси дословно прифатени и повторувани. Кога станува збор за културни војни, разбирањето на наративот, разбирањето на „кучешките свирки“ и критичката анализа на дискурсот се поважни од статистиката. Затоа, должноста на модерната социологија е да ги демистифицира културните војни, да ги разоткрие лажните наративи и да ја врати нормалноста во јавниот дискурс.

**Клучни зборови:** културна војна, поларизација, политика, еднаквост, раса, демократија, јавен дискурс

**I. ВОВЕД** .......... **5**
I.1. Културно-историски контекст на парадоксот .......... 8
I.2. Поимно-категоријален апарат .......... 13
I.3. Цели на истражувањето .......... 19
I.4. Хипотетска рамка и методолошки пристап .......... 19
I.4.1. Генерална хипотеза .......... 19
I.5. Истражувачки прашања .......... 19
I.6. Методолошки приод .......... 20
I.7. Примерок за анализа .......... 24

**II. Културата на отповик** .......... **25**
Јирген Хабермас и концептот на јавната сфера .......... 25
Модерната јавна сфера .......... 28
Негативните страни на културата на отповик .......... 29
Културата на отповик во академските институции .......... 30
Расизмот и левицата .......... 31
Твитер во потрага по правда .......... 33
Перформативна емоционалност .......... 34
Краткотрајниот карактер на пораките .......... 34
Политизација на културата на отповик .......... 35
Заклучок .......... 38

**III. Критичка расна теорија** .......... **39**
Основни концепти на критичката расна теорија .......... 39
Социјален конструктивизам .......... 42
Теориите на заговор и нивните симболични универзуми .......... 46
Улогата на пропагандата во културните војни .......... 48
Кристофер Руфо се појавува на сцената .......... 50
Корените на „конспирацијата“ .......... 51
Заклучок .......... 54

**IV. Имиграцијата и културните војни** .......... **55**
Општи карактеристики на национализмот .......... 57
Национализмот во САД .......... 60
Рик Скот и културната ксенофобија .......... 64

**V. Пост скриптум** .......... **73**

**VI. Заклучок** .......... **74**

**VII. БИБЛИОГРАФИЈА** .......... **77**

# I. ВОВЕД

Идејата за културна војна како конфликт помеѓу социјалните групи и борба за доминација на нивните вредности, верувања и практики не е нова. Несогласувања и поларизации во општеството постоеле отсекогаш низ историјата и ќе постојат во иднина. Од цивилизирана размена на мислења, традиционални политички партии, парламентаризам и демократски дебати кон радикализација, насилство, деструкција и авторитаризам, опасноста од ваквите тенденции за иднината на современото општество е огромна.

Културните војни се комплексни општествени феномени. Тие се олицетворување на дијалектичкиот карактер на социјалната динамика. Иако потрагата по корените на културната и идеолошка сфера може да нè влече кон економската, геополитичката или, пак, некоја друга сфера на нашето социјално битие, културата и културните војни низ историјата речиси секогаш имаат повратно дејство и силно влијание врз целокупната општествено-историска динамика.

Културните војни во средновековието имале религиозен карактер. Пуританците верувале дека секој поединец има своја директна врска со Бога, однос кој мора да го препознае самиот поединец, без потреба за посредување од страна на свештеници и ритуали. Ваквото верување имало темелни политички импликации. Ако Бог ги смета сите луѓе за еднакви во однос на фундаменталното прашање за вечно спасение, како е можно тој да прави разлики меѓу нив во навидум тривијалните работи како на пример во чии раце е власта? Ваквиот поглед во однос на религијата евентуално доведе до оспорување на авторитетот на монархиите и кралските семејства и меѓу другото до Англиската граѓанска војна на почетокот на седумнаесеттиот век. Средновековните културни војни наоѓаат плодна почва на новиот континент и почнуваат бргу да се прелеваат и да развиваат нови карактеристики. Оспорувањето на апсолутистичката власт и на авторитетот на монархијата заедно со идејата дека сите луѓе се еднакви во очите на Бога води кон ширење на идеите на просветителството и евентуално до војната за независност од Британското Кралство (Livesey, J. 2017). Аргументите на новодојдениот имигрант од Англија, Томас Пеин ги поврзаа просветителските принципи со религијата и го отворија патот кон нова, популарна форма на власт за американските колонисти. Книгата во која тој ги изложи своите идеи, „Здравиот разум“, за кратко време стана бестселер (Paine, T. 2020).

Историјата на културните војни нè води исто во 19-вековна Германија каде што меѓу 1871 и 1876 година, за време на конфликтот меѓу Бизмарк и Католичката црква се појавува терминот Kulturkampf, или во превод културна борба. Овој судир на идеи за и против секуларизација на државниот апарат завршува со загуба на црковната контрола врз образованието (Smith 2011). Пет децении подоцна Антонио Грамши во неговите „Затворски тетратки“ зборува за културна хегемонија како начин на кој владејачката класа во општеството доминира свесно и потсвесно врз духовниот и културниот живот во општеството (Gramsci 2018). Еден век подоцна терминот „културна војна“ се сретнува сè почесто и почесто во САД. Прифатеното значење е дека тоа претставува современ конфликт на вредности и идеи меѓу либералите од една страна и конзервативците од другата. Безброј часови и денови се искористени од медиумите и социјалните мрежи за да се преувеличаат овие идеолошки разлики и спротивната страна да се прикаже како вистински непријател кој само војна би можела да го совлада.

Културните војни во САД имаат долга историја. Најпознатата културна војна од деветнаесеттиот век заврши со граѓанска војна и катастрофално крвопролевање што траеше повеќе од четири години помеѓу 1861 и 1865 година. За основачите на американската република по Војната за независност од Велика Британија во 1776 година идејата дека „сите луѓе се создадени еднакви“ (all men are created equal) имаше неколку ограничувања. Поимот „луѓе“ (men) не ги вклучуваше сите жители на новосоздадената држава. Следствено на тоа жените, робовите, Индијанците и сиромашните доселеници се сметаа за зависници на кои им е потребно водство, така што за нив не важеше правото на самоопределување (Richardson 2020: XV). Причина за ова е тогашната широко прифатена идеја дека светот е дефиниран од хиерархии каде што на поголемиот дел од луѓето, необразованите, неквалификуваните работници, црнците, жените и сиромашните им е потребен водач. Затоа плодовите на нивниот труд треба да се акумулираат и раководат од тие кои поседуваат знаење и способности и ќе се во можност да ги искористат на најефикасен начин. Луѓето кои се богати, образовани и способни се оние кои го движат светот кон прогрес. Робовладетелската класа ја прифати и ја промовираше оваа теорија преку Демократската партија која во тоа време ги застапуваше нивните и интересите на земјопоседниците низ јужните држави на САД. Идејата дека високите класи, робовладетелите и земјопоседниците треба да се „потпираат“ на ниските класи користи аналогија со нивните величествени домови кои се издигаатаат врз темелите што се навлезени длабоко во почвата и служат како изолација од „калта“. Ваквата реторика прерасна во таканаречена теорија на „изолатори од кал“ (Mudsill Theory) која беше

промовирана од Џејмс Хенри Хамонд, адвокат и политичар од периодот пред Граѓанската војна кој исто така служеше како гувернер на Јужна Каролина од 1842 до 1844 година.[1]

Хиерархиската теорија ни претставува класичен пример за социјална конструкција која се користи како рационализација за одржување на статус кво. Судирот помеѓу оваа хиерархиска визија на светот и „...идеите за еднаквост и самоопределување станува фокус на идеолошката, културната и интелектуална 'војна' која сè уште трае во САД" (Hofstadter 1948).

Овој идеолошки конфликт помеѓу идејата за еднаквост од една страна и идејата за природна хиерархија од друга страна, лежи во причините и поводот на идеолошко-политичките разлики и конфронтации, а со тоа служи и како конечна рационализација за најголем дел од културните војни во САД. Тие две контрадикторни идеологии се во основата на разликите помеѓу демократски организирано општество од една страна и олигархијата од друга страна и како такви ја претставуваат суштината на „парадоксот на американското општество" (Richardson 2020: 41).

Ваквата идеолошка поларизација исто така ја дефинира и поделбата на „прогресивни", „либерални" и „конзервативни" општествени ориентации и соодветни политички групации.

1 "Africans in America/Part 4/Mudsill Theory." *PBS*, Public Broadcasting Service, https://www.pbs.org/wgbh/aia/part4/4h3439t.html.

## I.1. Културно-историски контекст на парадоксот

Трампизмот, ако може така да го наречеме движењето кое го покрена претходниот претседател на САД, е авторитаристичко политичко движење со силно изразени перформативни елементи. Перформативноста се манифестира прво низ митинзи, организирани средби на голем број луѓе каде што нивниот лидер држи говори и ги мотивира и агитира неговите следбеници. Втора перформативна опција се маршеви и демонстрации каде што клучните симболи на нивната супкултура, знамињата, капите и други делови на препознатлива облека јасно ги идентификуваат приврзаниците на движењето што гарантира противдемонстрации.

Ваквите ситуации неизбежно водат до судири и физички пресметки кои стануваат нераздвоен дел од перформативниот карактер на движењето. Една од главните причини за организирање на маршевите и демонстрациите е да предизвикаат противдемонстрации кои се снимаат и се користат за регрутирање на нови следбеници преку социјалните мрежи и други видови на комуникации.

Перформативниот карактер на ова движење е главната причина за неговото идентификување како фашистичко затоа што тој создава неизбежни историски паралели со поранешни и сегашни авторитарни, тоталитарни и фашисоидни движења со исти или слични карактеристики. Иако Трамп не успеа да воведе фашизам како општествена организација во САД, движењето кое тој го создаде е неизбежно и демонстративно фашистички настроено (Jadeed 2020).

Во научните кругови во САД сѐ уште се води дебата дали поранешниот претседател Трамп и трампизмот како политичко движење можат да се наречат фашистички или не. Најголем дел од аргументите за или против бараат споредба со фашистичките движења од Италија и Германија во минатиот век. Иронијата на ова е дека американскиот фашизам постои речиси исто толку долго колку што постојат Соединетите Американски Држави. Иако во американската историја не постои личност која е еквивалентна на Мусолини или Хитлер, фашисоидни идеи, авторитарни идеологии и реакционерни движења се константно присутни низ вековите што секако го оправдува дефинирањето на една локална, изворна и домашна sui generis верзија на фашизам (Swiping Right, Cutner 2020), (Stanley 2020: 38).

Фашисоидни идеи, политички групации и движења основани на авторитаризам, расна или религиозна дискриминација, национализам и нативизам, се појавуваат во многу периоди низ американската историја. Граѓанската војна во деветнаесеттиот век на идеолошко ниво беше војна против хиерархиската расистичка теорија општоприфатена од фашистичките движења во следниот век. И покрај поразот на Конфедералната армија, расната теорија го продолжи својот живот преку Кју-клукс-кланот кој во дваесеттите години од минатиот век достигна три до шест милиони членови. Политичките цели на кланот беа, меѓу другото, доминација на белата раса, зачувување на митологизираниот англосаксонски карактер на американската нација и спротивставување кон прогресивни елементи преку насилство (Richardson 2020: 142). Не случајно, слоганот „Прво Америка“ (America First) кој го користеше кампањата на Трамп беше исто така користен од Кју-клукс-кланот на почетокот на минатиот век (Stanley 2020).

Иако уставните реформи кои беа воведени по Граѓанската војна го гарантираа правото на гласање за сите возрасни жители на САД, преку насилство и политички манипулации, Афроамериканците во јужните држави не беа во состојба да го надминат нивниот статус на второкласни граѓани. Со победата над Шпанија во војната од 1898 година САД станаа сопственици на Порторико и на Филипините што создаде услови за легализација на второкласниот статус на овие нови граѓани кој успешно се прошири и на третманот на постојните небели жители (James Q. Whitman 2017: 40). Ваквата состојба на расните односи во САД го привлече вниманието на повеќе странски набљудувачи меѓу кои и бројни германски теоретичари за кои создавањето на нова категорија на граѓани без граѓански права перфектно се вклопува во нивната расна теорија и фашистичка идеологија, според кои креирањето на законски формулирани второкласни граѓани врз основа на расно потекло е идеал кон кој требаше да се стреми иднината на Германија (James Whitman 2017: 43). Германската опсесија со состојбата на расната нееднаквост во американското општество на почетокот на дваесеттиот век води до цитирање на Американскиот систем за имиграција како пример за Германија во изданието на Mein Kampf од 1927 година (Ibid: 46).

Американскиот парадокс се повторува со победата на Рузвелт на претседателските избори во периодот помеѓу двете светски војни. Новиот претседател и неговата прогресивна програма за пребродување на повеќегодишната депресија се сретнува со опозиција од нативистички, антиимигрантски и антилевичарски пропагандисти кои со години создаваат политички и финансиски капитал преку агитација против каква било државна интервенција

за надминување на нееднаквоста во општеството (Denton 2017). Во летото 1933 година група видни личности од финансиската индустрија обезбедуваат соработка на мала армија од воени пензионери, обезбедуваат триесет милиони долари за набавка на оружје и планираат државен удар и воспоставување на олигархиски вид на влада (Denton 2017). Овој обид, како и обидот за државен удар на 6 јануари 2021 година, не успева. Владината комисија формирана со цел да ги испита околностите и организаторите на државниот удар, во извештајот објавен по истрагата во 1935 година без воздржување го нарекува обид американското општество да се „...организира според принципите на фашизмот“.[2]

Флертувањето со фашистичките режими во Европа и прифаќањето на нивните идеи продолжува за време на Шпанската граѓанска војна. Под притисок на американските приврзаници на генералот Франко владата на САД останува неутрална, а подоцна и официјално го признава фашистичкиот режим. За американските франковисти овој период перфектно се вклучува во нивните културни војни. Според нив, оваа војна не претставува судир меѓу демократските сили и фашизмот туку „меѓу комунизмот и христијанството“ (Clements, 2021).

Под притисок на американската десница, Здружението на Германците во САД, католичката религиозна заедница и други конзервативни организации и јавни личности американската неутралност се одржува подолго од две години по почетокот на Втората светска војна, сѐ до нападот на Перл Харбор кој конечно ја префрли нацијата на страна на обединетиот антифашистички фронт.

Борбата на Афроамериканците во САД за граѓански права се интензивира во годините по Втората светска војна, но наидува на огромен отпор. Опозицијата е подготвена да го обнови стариот парадокс со нова рационализација. Со почетокот на новата студена војна секов вид на протест против статус квото е прикажан како „комунистички заговор“ што понатаму води кон озлогласениот „лов на вештерки“ за време на макартизмот. Коренот на макартизмот е теорија на заговор според која комунистички шпиони на клучни владини позиции во САД ја манипулирале американската политика во корист на Советскиот Сојуз. Ова довело до масовни истраги за време на најинтензивниот период на програмата помеѓу 1947 и 1956

2 “Why Is so Little Known about the 1930s Coup Attempt against FDR? | Sally Denton.” *The Guardian*, Guardian News and Media, 11 Jan. 2022, https://www.theguardian.com/commentisfree/2022/jan/11/trump-fdr-roosevelt-coup-attempt-1930s

година кога „...повеќе од пет милиони федерални работници беа подложени на проверка на лојалноста, што резултираше со околу 2.700 отпуштања и 12.000 оставки“ (Storrs 2015).

Ваквата историска, идеолошка и вредносна платформа е основата на трампизмот кој се потпира на жртвени јагниња од редовите на имигрантите и муслиманите, на носталгија за митолошкото минато, шовинизмот на идејата за „Прво Америка“, цврсто верување во теории на заговор и дезинформации како „антиваксери“, „украдени избори“, негирање на настаните од 6 јануари и интензивен етнонационализам.

Движечка сила на трампизмот се гневните манифестации и изјави на водечки личности во политичкиот и јавниот живот. Со реторика која ги користи културните симболи за да ги потпалува културните војни, овие личности формираат армии на следбеници кои потоа се изманипулирани да станат постојан извор на донации за разни кампањи од кои главно добиваат лична корист организаторите [(3)] [(4)].

Ваквата ситуација претставува класична експлоатација и астрономска експанзија на нова индустрија чиј примарен извор на приход е фабрикуваниот гнев создаден од истата таа индустрија. Ова потсетува на еден друг период во историјата и на анализата на Валтер Бенџамин како еден од најоригиналните автори на Франкфуртската школа за прашањето на масовната култура:

> „Фашизмот се обидува да ги организира новопролетаризираните маси, оставајќи ги непроменети односите на сопственост, односите кои тие се стремат да ги отфрлат и го гледа својот спас во давањето слобода на изразување на масите, но во никој случај не давајќи им други права. Масите имаат право на промена на односите на сопственост, но фашизмот се обидува да им даде право за слободно изразување, истовремено одржувајќи ги односите на сопственост непроменети.” (Benjamin 2008: 41)

3 “Leaders of ‘We Build the Wall’ Online Fundraising Campaign Charged with Defrauding Hundreds of Thousands of Donors.” *The United States Department of Justice*, 20 Aug. 2020, https://www.justice.gov/usao-sdny/pr/leaders-we-build-wall-online-fundraising-campaign-charged-defrauding-hundreds-thousands.

4 McGraw, Meridith. “Trump Raised Millions but Spent None of It on Audits and GOP Candidates.” *POLITICO*, POLITICO, 3 Aug. 2021, https://www.politico.com/news/2021/08/03/trump-spending-millions-gop-candidates-502233.

Поддршката на расистички идеи кои ја претставуваат основата на хиерархиската теорија беше карактеристична за поранешниот претседател Трамп (Mary Trump 2020). Преку користење на расистичка и антиимиграциона реторика, како и отворена дискриминација кон малцинствата тој успеа да создаде „конзервативна“ репутација уште пред да изрази амбиции за политичка кариера, и покрај тоа што тој во приватниот живот се идентификуваше со либералите. Апелирањето за строги, па дури и смртни пресуди за криминални престапи од страна на припадници на малцинствата, агитирањето против имигрантите и припадниците на муслиманската вера, прикажувањето на белото население како загрозено и политички и економски онеправдано беа редовно користени теми во јавни говори и политички митинзи од страна на Трамп. Ваквата реторика наоѓаше и сè уште наоѓа корисници и имитатори кои по углед на поранешниот претседател апелираат на „конзервативно“ ориентираните гласачи со намера да ги перпетуираат општествените поделби и да го подријат единството на нацијата.

Соодветно на тоа, од клучно значење за здравјето на политичкиот живот во земјата е да се идентификуваат идеолошите корени на аргументите кои се користат за дебатите поврзани со културните војни и да се обелодени нивниот вистински историски карактер. Од тие причини целта на овој труд е да се посочат елементите на хиерархиската теорија и на теоријата за еднаквост во аргументите користени за и против темите на современите културни војни во САД преку анализа на содржина на изјави и објавени текстови од страна на видни личности и учесници во јавниот живот на земјата.

## I.2. Поимно-категоријален апарат

**Култура:** Сер Едвард Барнет Тајлор (1832 – 1917) е англиски антрополог од викторијанската ера кој беше еден од првите што ја формулираа дефиницијата на културата. За него културата и цивилизацијата се синоними. Тој ја дефинира културата или цивилизацијата како „сложена целина која ги вклучува знаењето, верувањето, уметноста, моралот, правото, обичаите и сите други способности и навики здобиени од човекот како член на општеството“ (Tylor 2016: 13). Дефиницијата на културата оттогаш еволуира во повеќе насоки.

За некои теоретичари како Клифорд Герц, концептот на културата е семиотички. Цитирајќи го Макс Вебер, кога тој вели дека човекот е животно обесено во мрежи од значење кои тој самиот ги има исплетено, Герц ја сфаќа културата како систем на тие истите мрежи и смета дека нивната анализа не треба да биде некаква експериментална наука во потрага по законитости, туку интерпретативна и во потрага по значење. Како што самиот вели: „Јас барам објаснување, интерпретација на социјалното изразување кое на површина изгледа енигматично“ (Geertz 1973: 5).

Намерата на овој труд не е да се впушти во историското дефинирање на културата и затоа генерално е прифатена дефиницијата на Герц. Од друга страна, проблемот на културните војни е подобро разбран преку концептот на „културната индустрија“ кој е разработен од Хоркхајмер и Адорно во нивниот класичен труд „Дијалектика на просветителството“. Нивниот пристап ни овозможува полесно да го објасниме феноменот на културни војни од аспект на современата културна индустрија, медиумите и социјалните мрежи како агенси на современата култура.

**Културна индустрија:** Современото општество е во голема мера карактеризирано од присуство на масовно произведена култура, создадена и дистрибуирана од ексклузивни институции и консумирана од пасивна, хомогенизирана публика. Овој феномен е нераздвојно поврзан со пазарниот систем, со новите медиуми како филмот, печатот и радиото, интернетот, социјалните мрежи, а најмногу со новиот однос меѓу културата и политиката. Не е тешко да се согледа дека ние сѐ уште живееме во свет каков што го критикуваше Франкфуртската школа, иако имаме повеќе слобода на избор од кога било досега. Адорно и Хоркхајмер сметаа дека „културната индустрија“ го прикажува уназадувањето на просветителството кон идеологијата која е графички изразена преку филмот и радиото. Овде, просветителството

се состои првенствено во пресметката на ефектите и во технологијата на производство и дисеминација; специфичната содржина на идеологијата е исцрпена во идолизацијата на постојниот поредок и на моќта со која се контролира технологијата.

Културата денес заразува сѐ со истоветност. Филмот, радиото и списанијата формираат систем. Секоја гранка на културата е едногласна во себе и сите се едногласни заедно. Дури и естетските манифестации на политичките спротивности го прокламираат истиот нефлексибилен ритам како што тврдат во „Дијалектиката на просветителството“ (Horkheimer & Adorno 2002: 94). Исто така тие тврдат дека луѓето беа трансформирани во пожелни, лесно разменливи стоки, а единствено што ѝ преостана на индивидуата да избере е да биде свесна дека е манипулирана. Франкфуртската школа е релевантна за нас во денешно време затоа што таквите критики на општеството се уште пореални денес отколку кога тие беа напишани, особено затоа што човечката доминација од страна на културната индустрија и консумеризмот денес е поинтензивна од кога било порано.

**Културна војна (Culture War):** Современата културна војна е глобализирана, таа е истовремено и граѓанска и светска, но пред сѐ е не-културна. Таа денес во САД се претвора во кампања за стохастички тероризам затоа што пропагирањето на насилство е камуфлирано како протест против ограничувањето на индивидуалните слободи. Фашистичките идеологии не прифаќаат опции за дијалог или толеранција. Нивната конечна цел е недостижна без физичко уништување на сите индивидуи и општествени групи кои не изразуваат потполна согласност и поддршка. Новата идеја за културна војна ја заменува културата со идеолошки милитаризам. Радикализацијата на идеолошките ставови и идеолошкото „барикадирање“ создава постојана незаситна побарувачка за нова агитација. Начинот на презентирање на различните идеи, погледи и ставови го радикализира процесот на размена на идеи и го деградира на ниво на милитантен сензационализам и ја претвора публиката во толпа на потрошувачи на пропаганда кои се во постојана состојба на агитација. Користењето на терминот војна е метафорично и претставува еден вид на потсмев со обидите на едната или другата страна да ги наметнат своите вредности на севкупното општество.

Идејата за современите „културни војни“ во САД беше популаризирана од американскиот социолог Џејмс Дејвисон Хантер на почетокот на деведесеттите години од минатиот век за да се опишат длабоко вкоренетите тензии кои се појавија во Америка помеѓу „конзервативните“ и „прогресивните“ светогледи (Hunter 1991). За Хантер овој термин не само што го долови

карактерот на политичката борба околу културните прашања, туку исто така го сврте вниманието кон самата култура и кон оние општествени сили кои се трудат да ја обликуваат, што ја претставува суштината на конфликтот околу карактерот на американското општество и неговите вистински вредности.

Главна причина што политичките полемики се нарекуваат војна е хипер-драматизација на баналното. Без драматична музика, без користење на бомбастична терминологија, без создавање на лажна претстава за некој имагинарен крај на цивилизацијата, културата и светот, модерните медиуми сметаат дека ја губат нивната причина за постоење, а што е уште поважно губат публика и следбеници што понатаму доведува до намалување на нивниот приход. Бројот на следбеници и претплатници директно влијае врз приходот на медиумските компании од кој голем дел доаѓа од реклами. Културната индустрија одамна престана да создава „покорни и задоволни“ потрошувачи како во времето кога Хоркхајмер и Адорно ја пишуваа „Дијалектиката на просветителството“ (Horkheimer & Adorno 2020). Денешната културна индустрија создава гневни и до заби вооружени потрошувачи кои се жедни за крвопролевање и се готови да почнат нова граѓанска војна [(5)].

**Култура на отповик (cancel culture):** Културата на отповик е напад или кампања за бојкотирање на јавна личност која искажала контроверзни мислења кои се објавени на социјалните мрежи или манифестирала навредливо однесување во минатото. Како резултат на тоа нападнатата индивидуа на крајот ги губи своите пријатели, обожаватели и поддржувачи, влошувајќи ја нејзината кариера во тој процес. Ова исто така се смета за продолжеток на „културата на прозивање“, култура во која јавноста повикува одредени личности да ги избришат или повлечат нечувствителните изјави (Bouvier 2020). Културата на отповик е нов обичај кој се манифестира преку масовно отфрлање на застарени симболи и нивна замена со нови.

Таа исто се манифестира како масовен напад на јавни личности чие однесување или изјави предизвикуваат морална осуда и пад на популарноста. Од друга страна застапниците на отповиканите симболи и личности ја користат можноста да играат улога на жртви на некоја неправда или, пак, на митолошка дискриминација што понатаму може да води кон уште поголема поларизација и радикализација како што беше случај со отстранувањето на

[5] Kurtz, Howard. “America’s ‘Civil War’: The Real Virus in Our Media and Political Culture.” *Fox News*, FOX News Network, 12 Oct. 2021, https://www.foxnews.com/media/americas-civil-war-the-real-virus-in-our-media-and-political-cutlure.

споменициите од времето на Граѓанската војна во Вирџинија. Во суштина таа е општествена игра во која фигурите се тековните културни симболи кои потрошувачите на масовната култура ги присвојуваат како свои лични аватари. Играта се вика перформативна доблест во која потрошувачот на масовна култура прифаќа и отфрла перформативни вредности. Повеќе не е важно дали одредена јавна личност ќе биде величана или напаѓана сè додека трае јавната перформанса. Секоја активност, секоја идеја, чувство или настан се јавно споделени преку Фејсбук, Твитер или Инстаграм со една единствена цел – да импресионираат. Вистинската мотивација веќе не постои. Суштината е во формата, а вистината е во перформансата.

Нема поефикасен начин да се одвлече вниманието на јавноста од вистинските проблеми на општеството од создавањето на лажни и површни расправи. Во англискиот јазик постои фраза која тој процес го нарекува „црвена харинга“, што значи намерно вметнување на заблуда која го одвлекува вниманието од вистината, од суштинското прашање, со внесување на ирелевантен аргумент.

Културата на отповик е вид на иновација на масовната култура. Потрошувачите сега имаат шанса не само да ги величаат нивните ѕвезди туку и отворено да ги напаѓаат и да учествуваат во нивниот пад. Културата на отповик претставува климакс на фабрикуван гнев, на омраза насочена кон имагинарните непријатели и нивните поддржувачи. Да се отповика некоја личност значи да се бојкотираат сите нејзини јавни и професионални активности за ефективно да се спречи нејзината понатамошна кариера, дури и кога тие активности воопшто немаат врска со причината за отповик. „Тоа практично значи дека отповиканата личност мора да се соочи со катастрофални последици како резултат на нејзините грешки од минатото“ (Wahyudiputra 2021).

**Критичка расна теорија (Critical Race Theory):** Професорот по политикологија од Универзитетот Стенфорд, Морис Фиорина, тврди дека новинарите во САД се премногу изложени на политичката класа, што резултира во избор на понагласени или пак дури поекстремни ставови претставени во нивните искажувања, наместо на поумерените позиции на јавноста. Тој исто мисли дека ова доминантно влијание на политичката класа придонесува кон митологијата на поларизација во САД. Според Фиорина, известувањето за културна војна претставува „...проекции, желби и корисни стратегии за собирање средства од страна на герилците на културните војни, поттикнати од медиумите кои се водени од потребата да го трансформираат здодевното секојдневие во нешто што изгледа возбудливо и

без преседан“ (Fiorina 2011). Десет години по објавувањето на неговата книга овие зборови на професорот Фиорина добиваат потполна потврда во стварноста кога критичката расна теорија станува предмет на новофабрикувана културна војна.

Движењето за критичка расна теорија (КРТ) претставува една група активисти и научници од САД заинтересирани за проучување и трансформирање на односот меѓу расите, расизмот и политичката моќ. Движењето разгледува многу од истите прашања што ги зафаќаат конвенционалните движења за граѓански права и дискурсите за етнички студии, но ги става во поширок контекст кој ја вклучува економијата, историјата, групните и личните интереси, па дури и чувствата и потсвеста. За разлика од традиционалните граѓански права, кои опфаќаат инкрементализам и напредок „чекор по чекор“, критичката расна теорија ги доведува во прашање самите темели на либералниот поредок, вклучувајќи ја теоријата на еднаквост и правно расудување, рационализмот на просветителството и неутралните принципи на уставното право.

Во 2021 година десничарскиот активист Кристофер Руфо го напаѓа концептот позајмувајќи го името, а истовремено прикажувајќи го како „црнечки расизам“, „лажна историја“ и „апотеоза на политичка коректност“. Тој јавно изјавува дека неговата цел е: „...го замрзнавме нивниот бренд... во јавната дебата и постојано ги зголемуваме негативните перцепции. На крајот ќе го претвориме во токсичен, бидејќи ги ставаме сите различни културни лудости под името на тој бренд“ [6].

Од тој момент КРТ станува интензивна преокупација на десницата што доведе до воспоставување на цензура и законски забрани на какво било спомнување на КРТ во образовните институции од страната на неколку државни администрации на југот на САД[7].

**Лажна свест:** На еден начин ние сè уште живееме во свет каков што го критикуваше Франкфуртската школа иако сега имаме повеќе слобода на избор од кога било порано. Адорно и Хоркхајмер сметаа дека слободата на избор, која патем се смета за најголемо предимство на напредните капиталистички општества на запад, е сосем привидна. Како што тие тврдат

6 Cobb, Jelani. “The Man behind Critical Race Theory.” *The New Yorker*, 10 Sept. 2021, https://www.newyorker.com/magazine/2021/09/20/the-man-behind-critical-race-theory.

7 Ray, Rashawn, and Alexandra Gibbons. “Why Are States Banning Critical Race Theory?” *Brookings*, Brookings, 26 Jan. 2022, https://www.brookings.edu/blog/fixgov/2021/07/02/why-are-states-banning-critical-race-theory/.

во „Дијалектиката на просветителството“ слободата да се избере идеологија, која секогаш ја одразува економската принуда, секаде се покажува како „...слобода да избереме тоа што е секогаш исто“ (Horkheimer & Adorno 2002: 135–136). Во истото дело тие тврдат дека човечката личност била толку корумпирана од лажната свест што веќе нема ништо што заслужува да се нарече личност. За нив „личноста“ одвај означува нешто повеќе од сјајно бели заби и слобода од емоции и од мирис на пот. Луѓето се трансформирани во пожелни, лесно разменливи стоки, а единствено што им преостанува е „...изборот да знаат дека се манипулирани“ (Ibid: 136).

За целта на овој труд лажната свест ќе биде разгледувана во контекстот на културните војни и во нивната манипулативна смисла на драматизирање и преувеличување на идеолошките поделби меѓу „левите“ и „десните“ идеолошки погледи.

**Имиграција:** Имиграцијата во САД е спорно прашање со децении, но во дваесет и првиот век зазема централно место во јавните дебати и културните војни. Работниците дојдени од странство, а особено оние кои немаат дозвола за престој или работат „на црно“ се претставени како еден вид „закана“ и се обвинуваат за падот на животниот стандард на американските работници родени во земјата. Според тој наратив, ако имиграцијата строго се ограничи, ако се обезбедат границите и се отстранат „илегалците“, „американскиот сон“ пак ќе се врати (Tahseen 2021). Професорката на Универзитетот во Њујорк, Рут Милкман, во нејзината студија покажува дека имиграцијата не е причина за економска несигурност и растечка нееднаквост, како што тврдат десничарите. Сосем спротивно на тоа, приливот на имигранти со ниски примања од 1970-тите години на минатиот век до денес била последица на заедничките напори на работодавачите да ги ослабат работничките синдикати, заедно со неолибералните политики кои поттикнуваат дерегулација и интензивно зголемување на нееднаквоста во САД (Milkman 2020). Милкман користи еден релативно нов термин за да ја опише оваа новодојдена работничка класа која работи за надници кои се толку ниски што одвај им овозможуваат да преживеат. Таа ја нарекува оваа класа на работници „прекаријат“, што е делумно игра на зборови и комбинација на терминот пролетеријат и „precarious“ (што значи ектремна несигурност со опасност на пад во беда). Културните војни околу имиграцијата во голема мера ја замаглуваат оваа динамика и го нагласуваат и интензивираат гневот на работниците родени во САД чии работни места се елиминирани или деградирани. Ваквата социјална динамика околу проблемот на имиграцијата во САД ни дава одлична можност за подобро разбирање на врската помеѓу социјалните конструкции, лажната свест и културните војни што секако заслужува понатамошно истражување.

## I.3. Цели на истражувањето

Ова истражување настојува да открие на кој начин наративите на пропагаторите на културните војни застапуваат и промовираат одредени ставови; како тематиката на нивните комуникации е условена од општествено-историскиот контекст, културни вредности, знаења, верувања и како рецепцијата на овие пораки од страна на нивните приврзаници влијае врз политичкиот процес; и конечно, како широката јавност реагира на културните дебати во САД.

## I.4. Хипотетска рамка и методолошки пристап

### I.4.1. Генерална хипотеза

Во основата на културните војни во САД лежи **американскиот парадокс**, додека нивната причина за постоење е да ја прикријат таа основа и вистинските проблеми на општеството и да овозможат бесконечно пролонгирање на нивното надминување.

## I.5. Истражувачки прашања

1. Која е целта на современите културни војни во САД?
2. Која е идејата на современите културни војни во САД?
3. Дали во овие културни војни постои логично размислување?
4. Дали овие културни војни следат некаков шаблон?
5. На колку нивоа функционираат културните војни во САД?
6. Дали постои одреден психолошки профил или социјално-економски статус кој е поподложен на учество во културни војни во САД?
7. Кои општествени услови се поподложни за интензивирање на културните војни во САД?
8. Кои вредносни системи односно културни матрици се влијателни за културните војни во САД?

## I.6. Методолошки приод

Застапниците на интерпретативните пристапи кон проучувањето на општествените феномени нагласуваат дека во суштина е прашањето на конфликтот помеѓу „квантитативните“ и „квалитативните“ методи и покрај тоа што општествените науки се слободни да го користат методот кој го сметаат за најкорисен за достигнување на нивните истражувачки цели.

Причините за прифаќање на толкувачкиот пристап не се методолошки. Научниците имаат етички причини за усвојување на овој пристап. Конкретно, интерпретативниот метод им дава на социолозите подобар приказ за природата и улогата на вредностите во човечкиот живот, чувство за тоа како историското минато е етички релевантно, и исто така им дава способност да се унапредат политички ангажираните социолошки идеи и советодавната критика на општеството и неговите институции. „Социолозите треба да бидат слободни критички да се ангажираат, да ги испитаат, па дури и нормативно да ги проценат етичките позиции на истражуваната популација, општествената група или индивидуа“ (Bevir & Blakely 2017).

Ова не значи дека општествените науки се исто што и етиката или етичката критика. Социологијата, општо земено, се занимава со проучување и објаснување на човековото однесување, општеството во целост како и неговите составни делови. Ова не мора да содржи етички прашања. Потполно е оправдано, на пример, социолозите да ги истражуваат изборите или, пак, современите религиозни ставови и да ги усовршуваат на фактичките објаснувања и предвидувања. Сепак, една од политички валидните методолошки грижи на науката може да биде етичката критика. И покрај тоа социолозите треба да бидат слободни критички да се ангажираат и нормативно да ги оценуваат човековите етички позиции преку етички ангажиран истражувачки пристап и интерпретативен метод. „Интерпретативниот пристап во општествените науки помага да се отвори ново поле на истражување” (Bevir & Blakely 2017: 3).

За жал, многу застапници на интерпретативни пристапи денес веруваат дека главниот конфликт во политичките науки е методолошки. На едната страна се „квантитативците“, со нивниот ентузијазам за масовни анкети, статистички регресии и модели на теорија на одлуки. Од другата страна се „квалитативците“, со нивната страст за етнографии, длабински интервјуа и текстуални истражувања. Квантитативците се гледаат себеси како закоравени статистички аналитичари кои развиваат научни теории за општеството применети од страна

на политичарите (Mebane & Sekhon 1994). Квалитативците се претставуваат како хуманисти и културни експерти кои ја проучуваат политиката на поегалитаристички и советодавен начин (Hajer & Wagenaar 2003, с. xiii). Секоја страна гледа на другата со доза на скептицизам. Секој верува дека другиот е одговорен за конфузијата што ја заматува модерната општествена наука. Сето ова непријателство, е наводно резултат на теории за социолошката методологија. Суштината на овој спор е дихотомијата помеѓу „...општествените факти и вредности како предмет на социолошко проучување" (Ibid: 5).

Треба да се нагласи дека интерпретативните општествени науки не се пред сѐ примена на квалитативни методи. Напротив, квалитативните и квантитативните методи се две алатки за генерирање информации за социјалната реалност и може да се користат од истражувачите од сите бои (Bevir & Blakely 2017). Ова значи дека социолозите ја надминуваат квалитативно-квантитативната контроверзија користејќи ги сите тие методи кои најмногу одговараат на нивните истражувачки цели и се насочуваат кон мултиметодолошки пристап за кој се застапуваат многу водечки методолози (Box-Steffensmeier, J, Brady, H, & Collier, D 2008; Gerring, John 2010; Goertz & Mahoney 2012; Goodin 2009; Chih Lin, Ann 1998).

Комплексноста на општествените науки е одраз на човековите верувања и постапки каде почетните услови и околности никогаш не се доволни за да се произведе последователно верување или дејство бидејќи луѓето можат креативно да размислуваат за причините за нивните верувања и да одлучуваат сосем поинаку. Индивидуа на која ѝ претстои одлука може да ги изневери очекувањата и да направи неочекуван избор заради ваквиот креативен капацитет. Предусловите никогаш не се целосно одговорни за последиците. Ова значи дека човечките дејства се водени од „...контингентна форма на каузалност – онаа каде што верувањата ги објаснуваат постапките, а од друга страна тие верувања може да се образложат на различни начини" (MacIntyre 1978). Следствено на тоа општествените науки треба се занимаваат со толкување на значењата, а не со откривање на некои постојани закони. Припишувањето на оваа креативна способност на луѓето не мора да значи доктрина на радикална автономија. Наместо тоа, како што тврди Ханс-Георг Гадамер (Gadamer 2004), луѓето се ставени наспротив задднината од наследените верувања или традиции. Луѓето се способни креативно да ги менуваат своите наследени традиции кога се соочени со нови проблеми, желби и потреби, но во задднината на иновациите секогаш се наоѓаат други наследени верувања. „Луѓето ја имаат способноста да ги менуваат традициите, но немаат апсолутна автономија да постојат надвор од сите традиции" (Bevir & Blakely 2017: 5).

Неизбежноста на традициите е исто така важна затоа што открива дека човечкото дејствување е длабоко вкоренето во историјата. Човечкиот свет, составен од верувања, постапки и практики, е израз на условени значења развиени низ историското време што значи општествените науки се историски дисциплини, кои се занимаваат со раскажување на вистинската приказна за човечката општествена реалност, а не со „..откривање на неисториски закони.“ (Gadamer 2004).

Постои длабока разлика помеѓу природните науки и светот на човечки вредности. Имено, етичките факти (за разлика од нивните еквиваленти во природните науки) не можат да бидат толкувани во смисла на апсолутна концепција на светот. Етичките факти ги водат луѓето низ одредени општествени универзуми, но овие факти за вредностите не може да нè ориентираат во секојдневните практики на кој било општествено-културен свет. „... Дури кога високо хомогени општества покажуваат голема согласност за етичките факти тие сè уште не постигнуваат конвергенција слична на видовите постигнати во природните науки бидејќи нивните етички факти се зависни од условни значења, а не од константни и неисториски причински карактеристики на физичкиот универзум“ (Williams 1985: 152).

Накратко, фактите за вредностите не треба да се третираат како универзално објективни или сеприсутни во различни културни средини. Општествените вредности не се шират низ разновидните култури како артефакти. Сепак тоа не значи дека правилниот метод за анализа се сведува на апсолутен релативизам. Културните вредности се дел од симболичниот универзум карактеристичен за секоја култура за чие проучување и разбирање е потребна анализа на контекстот во кој тие се користат (Berger & Luckman 2011).

Но, како што ни покажуваат аргументите на повеќе автори, напредокот во етиката е можно да се постигне преку компаративни форми на објективност и расудување. Во оваа концепција на објективноста не е избрана некоја супериорна теорија или традиција во апсолутна смисла преку повикување на фундаментални факти, туку преку споредување која теорија претставува епистемска добивка и „корекција на грешки во однос на претходното гледиште“ (Taylor 1995; Williams 1985). Оваа е „заедничката форма на објективност која ја споделуваат етичките теории и методолошките теории на општествените науки” (Bevir & Blakely 2017).

Во истражувањето е применета квалитативна анализа на содржината како најсоодветен метод да се открие значењето на анализираните пораки. Овој метод ни овозможува херменевтичка анализа на овие пораки во најширока смисла на зборот, според нивната содржина и формалните карактеристики. Конечната цел е не само да ги анализираме пораките и употребата на симболи, туку да го толкуваме нивното значење, значењето на самите симболи и како тие се користат да мотивираат прифаќање на одредена социјална улога и да водат кон специфична активност. Квалитативната анализа на содржината затоа ќе треба да се потпира врз набљудување на поимите, структурата, општите синтаксични форми и социјално-историски контекст што е потребно за „...откривање на нивното целосно значење, дефиниција, причини и импликации“ (Traina 2002: 97).

Анализата на значењето е главен услов за коректно толкување. Затоа, примарна задача е да сме сигурни дека толкуваното значење е она што авторите и читателите го сметаат за најрелевантно. Ова ќе се постигне преку поставување на конкретни прашања правилно насочени од почеток бидејќи „...идентификацијата на коректните прашања преставува најважен дел на интерпретативната методологија” (Ibid: 99).

Делот за имиграција исто така се потпира на критичка дискурсна анализа како варијанта на анализа на содржина.  КДА е критички научен метод за истражување и анализа на дискурси со јасни намери. Анализата се фокусира на општествените проблеми, посебно на улогата на дискурсот во процесот на здобивање со моќ, а исто така и на репродукцијата и на злоупотребата на истата, исто така и нејзиното користење за социјална доминација. Каде што е можно, КДА поаѓа од гледна точка на интересот на обесправените, доминираните и незаштитените групи. Анализата ги зема предвид искуството и мислењата на членовите на овие групи и ја поддржува нивната борба против нееднаквоста.

Ова значи дека истражувањето на КДА го комбинира она што се нарекуваше „солидарност со угнетените“, заземајќи го ставот на спротивставување и несогласување со оние кои ги злоупотребуваат дискурсите со намера да ја легитимизираат злоупотребата на нивната моќ. За разлика од други научни методи, КДА не ја негира, туку експлицитно ја дефинира и брани својата сопствена општествено-политичка позиција што значи дека „...КДА е пристрасен приод и се гордее со тоа” (Wodak & Meyer 2001: 96).

## I.7. Примерок за анализа

Проучувањето на динамиката на културните војни нѐ води низ проучување на дијалектичките релации меѓу нивните различни теми и како нивните наративи се испреплетуваат со оригиналниот американски парадокс кој ја претставува суштината на сите нив. Културните војни се базираат на групни и индивидуални емоции. Нивната цел е создавање чувства на незадоволство и огорченост кај голем број гласачи што се користи како повик кон политичка акција во посакуваната насока, организиран политички притисок и гласање на изборите за клучни кандидати. Примероците за анализа затоа ќе бидат јавни изјави и објавени текстови на видни личности и познати учесници во културните војни, на теми насочени кон најактуелните прашања кои го привлекуваат вниманието на јавноста, на научниците, политичарите и медиумите, кои имаат голем број следбеници на социјалните мрежи, а кои главно ги стимулираат културните војни. Исто така ќе бидат анализирани некои наоди од најновите социолошки истражувања во САД на темите на интерес.

# II. Културата на отповик

Културата на отповик е вид на иновација на современата масовна култура. Да се отповика некоја личност значи да се бојкотираат сите нејзини јавни и професионални активности за ефективно да се спречи нејзината понатамошна кариера, дури и кога тие активности воопшто немаат врска со причината за отповик. „Тоа практично значи дека отповиканата личност мора да се соочи со катастрофални последици како резултат на нејзините грешки од минатото“ (Wahyudiputra 2021). Културата на отповик овозможува потрошувачите не само да ги величаат нивните ѕвезди туку отворено да ги напаѓаат и активно да учествуваат во нивниот пад на популарност. Културата на отповик е форма на манифестација на современите јавни дебати кои по правило се одвиваат на социјалните медиуми. Една од главните карактеристики на овој феномен е емоционалниот карактер, каде што нивото на протест, гнев и огорченост е пропорционално со бројот на учесници. Емоционалниот карактер на културата на отповик често води кон фабрикуван гнев и омраза насочена кон вистинските и имагинарните непријатели и нивните поддржувачи. Во очите на учесниците во ваквата емоционална манифестација отповикот претставува перформативен акт на казна и на јавна одмазда, современ „лов на вештерки“.

## Јирген Хабермас и концептот на јавната сфера

Историјата на феноменот на културата на отповик неизбежно нѐ води низ историјата на јавноста, јавното мнение и јавната сфера. Хабермасовата дефиниција на јавната сфера е од голема важност за изучувањето на современите демократски општества и покрај тоа што тој концепт постојано се развива. За Хабермас јавната сфера е еден вид инкубатор на општествениот живот каде што се формира јавното мислење (Habermas 1991: 398). Јавната сфера се формира во чајџилниците и кафеаните од осумнаесеттиот век каде што припадниците на новата граѓанска класа можат да прочитаат весник или списание, да разберат што прави кралот или кралицата, кои се политичките настани на денот, а потоа со нивните сограѓани да дискутираат за тоа што се случува. Овие места за собир станаа форум каде што политичкиот глас на средната класа конечно можеше да се развие. Нивното постоење доведе до масивни промени во начинот на кој владите од тоа време мораа да

комуницираат со јавноста. Овие форуми за јавна дискусија кои Хабермас ги нарече јавна сфера, овозможија амплификација на политичкиот глас на граѓанството и доследно доведоа до една своевидна демократија на идеи.

Хабермас набројува неколку аспекти кои се од витално значење за јавната сфера. Пред сè, таа е отворена за сите граѓани и се конституира во секој собир на поединци кога тие се здружуваат да формираат јавност. Граѓанинот ја игра улогата на приватно лице кое не дејствува во име на деловни или приватни интереси, туку како индивидуа која се занимава со прашања од заеднички интерес за да ја формира јавната сфера. Зад јавната сфера не постои никаква заканувачка сила, а нејзините граѓани се собираат и се обединуваат слободно да го искажат своето мислење. За Хабермас терминот политичка јавна сфера се однесува на јавни дискусии на теми поврзани со државни и политичи прашања. Иако Хабермас ја гледа државната власт како „јавна власт“ (1991: 398), која е легитимирана од јавноста преку избори, државата и нејзините начини на примена на политичка моќ се директно спротивставени на јавната сфера во која се формираат јавните дискусии. Затоа, јавното мнение мора да ја контролира државата и нејзината моќ во секојдневните дискусии, како и преку официјални избори. За Хабермас јавната сфера е неопходна во посредувањето меѓу државата и општеството и идеално треба да овозможува демократска контрола врз државните активности. За да се овозможи дискусија и формирање на јавно мнение, сите државни активности и правни дејства мора да бидат документирани и сите тие документи треба да се во секое време јавно достапни (1991: 400).

Според Хабермас концептите на јавната сфера и јавното мнение почнуваат да се појавуваат во XVIII век. Пред подемот на буржоазијата и создавањето на буржоаските јавни сфери, идејата за „јавност“ значеше нешто сосем друго. Во таа ера, авторитетот на феудалните земјопоседници се нарекуваше „јавна власт“, со оглед на тоа што земјопоседниците ја претставуваа самата идеја за јавност. Ова претензија дека аристократијата ја претставува јавноста со текот на времето беше отфрлена. Кон крајот на XVIII век феудалната моќ на црквата и благородништвото се намали, отворајќи го патот за подемот на буржоаското општество во Европа. Во исто време се менува и значењето на терминот „јавност“. „Јавноста“ почнува да значи легитимизирачки регулативи и систем на институции кои обезбедуваат право на власт. Во овој нов поредок, граѓаните кои ја претставуваат јавноста се потчинети на државата (1991: 401).

Развојот на технологијата на комуникациите во современото општество има негативно влијание врз учеството на луѓето во јавната сфера, вели Хабермас. Поопшто, како што напредува технологијата, луѓето сè помалку се вклучени во комуникациската рационалност, тие сè помалку разговараат меѓу себе. Хабермас верува дека овој тренд започна на почетокот на просветителството. Пред просветителството, основните елементи на општеството биле во голема мера определени од наследената традиција…„ние ги структурираавме работите како економијата или владата да изгледаат исто како што изгледале отсекогаш“ (ibid). Но, по просветителството, откако ги напуштивме овие класични традиции и наместо тоа се обидовме да ги изградиме овие системи од нула, профитот речиси секогаш станува цел кон која првенствено се стремиме, што според Хабермас доведува до денешната состојба каде што границите меѓу економијата и владата се заматени до непрепознатливост.

Хабермасовиот модел на јавната сфера опишува идеализирани состојби и нормативно дефинира како треба јавната сфера да изгледа во еден идеален случај. Таков модел не постои во реалноста на современите демократии во кои масите ја формираат јавноста. Овој идеалистички модел на демократија го менува самото значење на јавната сфера. Конечно самиот Хабермас мораше да признае дека учеството на жените и вклучувањето на малцинствата не го гарантираат неговиот модел, кој се потпирал на околностите во буржоаското општество на почетокот на деветнаесеттиот век. Во неговото интервју од 2017 година[8] Јирген Хабермас ги опишува најважните резултати од неговото долгогодишно истражување во насока на таканаречената делиберативна демократија, каде што јавноста свесно и намерно учествува во изразувањето на колективното мнение и врши притисок врз органите на државата. За жал сегашниот тренд изгледа како сè повеќе да се оддалечува од тој концепт.

[8] Habermas, J. (2007, February 1). Jürgen Habermas interview. YouTube. https://www.youtube.com/watch?v=jBl6ALNh18Q

## Модерната јавна сфера

Една од најзначајните квалитативни промени на дваесет и првиот век е секако транзицијата на јавната сфера и останатите социјални сфери од физичкиот во дигиталниот универзум. Комерцијализацијата на дигиталниот свет беше бргу проследена со неговата политизација. И покрај тоа што слободната комуникација се смета како основно човеково право во современото општество и е вградена како таква во законите и фундаменталните социјални вредности, во комерцијализираниот свет тие правила не важат.

Прифаќањето на нова технологија за политички цели се повторува низ историјата. Како што беше случајот со иновацијата на печатарската преса, весниците така и со филмот и радиото. Пред речиси еден век Валтер Бенџамин, водечки член на Франкфуртската школа, во еден од неговите најзначајни трудови, „Уметноста во добата на технолошката репродукција“, тврдеше дека е дојден крај на ерата на делиберативна политика, дека репрезентативната демократија е во криза и дека е исто така при крај, ако не поради друга причина туку само затоа што луѓето на власт со помош на новата технологија се способни директно да комуницираат со самите маси. Односот меѓу политичкиот субјект и претседателот или владетелот порано беше посредуван од претставници на репрезентативната демократија. Според Бенџамин, во дваесеттите години од минатиот век тоа беше посредувано од технологијата исто како и целокупното искуство на луѓето со реалноста. Политичките претставници сè уште постојат, тие сè уште се појавуваат на работа и одат на состаноци, но за Бенџамин овие претставници реагираат како гледачи, речиси исто како публиката во кино (2008: 26).

Денес, најмоќните и најпопуларните средства за масовна комуникација се несомнено социјалните медиуми кои ефективно ги отстранија традиционалните физички бариери и овозможија глобална комуникација во секое време на денот. Социјалните медиуми станаа главен фронт на денешната политичка борба што се води во САД за формирање на идеолошкиот културен идентитет на нацијата преку доминација на информациите и на културниот и когнитивниот универзум.

## Негативните страни на културата на отповик

Во оваа политичка борба класичните правила на политичкиот дискурс повеќе не важат. Навидум бескрвна, ова е епохална борба за доминантна улога во општеството помеѓу, од една страна, силите и институциите на либералната демократија, а спротив нив збир на политички, религиозни и финансиски групации кои се идентификуваат со таканаречениот конзервативизам.

Културата на отповик е едно од главните орудија во оваа идеолошка борба на политички „живот и смрт“ што води кон користење на недемократски методи од страна на демократските сили или пак ултрарадикални методи од конзервативната страна. За некои автори како Грег Симонс, резултатот од ваквата ситуација може единствено да биде распад на демократските принципи, регресија кон некаков вид на тоталитарна дистопија и крај на западната цивилизација каде што слободниот говор единствено ќе претставува предмет на историски интерес. „Борбените линии на оваа политичка битка за наметнување на вредности, норми и идентитети се наоѓаат во стратегиите и активностите на културата на отповик преку социјалните мрежи“ (Simons 2021). Симонс го споредува влијанието на културата на отповик врз современото општество со ерата на  падот на Римската Империја. За него ефектите од овој феномен врз целокупниот општествен вредносен систем водат кон нов вид на  западна „културна револуција“ предводена од страна на радикализираниот и идеологизиран „либерализам“ и предизвикуваат причина за голема загриженост. Според него, центристите станаа новите радикали преку нивните напори за елиминирање на јавните личности и нивната способност да функционираат како дел од општеството и дека тоа е исто како тие да се обвинат дека се „непријатели на народот“ (ibid).

Според Симонс, културата на отповик и на политичка будност има одредени идеолошки, теоретски и практични сличности со болшевизмот – тоталитарна идеологија која се стреми да создаде неслободна човечка средина во која нема простор за приватна сфера за практикување мисли и идеи без страв од репресалии. Не постои поделба меѓу јавната и приватната сфера на поединци како што постои во потолерантни и послободни општества. „Непријателите на народот“, штом се посочени и прогласени, систематски се отфрлени од сите аспекти на неговиот живот. Никој  не е слободен од интервенциите на менталната полиција, т.н. „интелектуални талибанци“. Реализацијата на оваа визија за тоа како општеството треба да биде организирано, се потпира врз создавање на идеолошки хомогена масовна публика, чија

согласност и послушност е принудена. На овој начин, според него, се создава тоталитарна култура која е вистинска антитеза на сето она што е слободоумно, критично, толерантно и демократски прифатливо (ibid).

Некои аспекти од културата на отповик потсетуваат на сталинистичката ера кога поединци кои беа обвинети за навреди или нелојалност кон системот и раководството буквално исчезнуваа од сегашноста и беа или стрелани по кратка постапка или депортирани во затворски колонии каде што најчесто умираа од истоштеност, глад и болести. По смртта на Сталин, Хрушчов и неговата нова влада посмртно рехабилитираа многумина од жртвите на сталинистичкиот терор, несомнено предоцна за самите нив или, пак, за нивните семејства.

Тука мора да се додаде дека иако културата на отповик е начин да се повредат чувствата на културните икони, ѕвездите на естрадата, глумците или спортистите и да се намали бројот на нивните следбеници на социјалните мрежи, сепак доколку не се работи за сериозен прекршок или криминално дело, јавните напади не водат кон значителни промени.

## Културата на отповик во академските институции

Културата на отповик е широко распространета во академските средини каде што професори и инструктори кои пројавуваат политички погледи поврзани со десницата се често јавно нападнати. Тоа секако води до застрашувачка атмосфера која директно ги загрозува традиционалните академски слободи на говор и отворените дебати. Секако ниту десницата не останува пасивна кога се работи за академски ограничувања како што се споменува во поглавјето посветено на КРТ. Во повеќе држави особено на југот на САД веќе се воведени закони кои ја ограничуваат содржината на образовните програми во врска со родовите студии и студиите на историјата на расизмот.

Гледано од историска перспектива на американското општество, ваквата поларизација е продолжение на парадоксот опишан во хипотезата на овој труд и служи како доказ дека клучниот историски проблем на САД останува ист, се репризира и се метаморфозира. Парадоксот останува непрометен, но ги менува своите маски не само од една епоха до друга туку и за секој нов политички спор и дебата. Културните војни имаат силно влијание и

изразени последици во академските средини што претставува голем проблем кој заслужува посебно длабинско истражување. Борбата за идеолошка доминација влијае врз образовните програми и слободата на мислење и изразување што е делумно обработено во делот за критичка расна теорија.

Тука само морам да спомнам дека најновото истражување на Хетеродоксната академија покажува дека стравот од отповик има силно влијание врз академската средина[9].

Од речиси 1.500 интервјуирани студенти, 60 % не се чувствуваат слободно да разговараат барем на една тема од петте наброени. Истражувачите ги карактеризираа како проблематични темите во врска со политика, во врска со расни разлики, религија, сексуална ориентација или родови разлики. Најголема грижа на студентите е да не бидат критикувани како навредливи.

Иако 88 % од интервјуираните студенти се согласуваат дека институциите за високо образование треба да ги охрабруваат студентите и професорите да ги третираат со почит луѓето со различни верувања, 63 % се убедени дека на нивниот кампус луѓето не се слободни слободно да се изразуваат (8). Ваквата ситуација е секако загрижувачка за иднината на академската слобода и слободната размена на идеи во општеството во целост.

## Расизмот и левицата

Во последните неколку години сме сведоци на голем број јавни дебати за моралот и мотивацијата на оваа култура на отповик или „cancel culture“. Во случаи на сексуално насилство кон жените или расистички испади несомнено е дека нападите врз оние кои се противници на принципите на еднаквоста се секако позитивен феномен (Matei 2019). Од друга страна, критичарите ја истакнуваат театралноста како „перформативен спектакл на ритуално крвопролевање“ кој им овозможува на оние што го вршат отповикувањето да се чувствуваат како високо морални (Ditum 2014) и да ја покажат својата морална лојалност кон онеправданите (Bérubé 2018). Како што забележува Хендерсон (Henderson 2019), се чини

9 Annual campus expression survey. Heterodox Academy. (n.d.). https://heterodoxacademy.org/campus-expression-survey/

јасно дека луѓето едноставно добиваат големо задоволство од заедничкото мобилизирање против прекршителите на нивните норми, овозможувајќи интензивно чувство на заедништво. Друго прашање е дали бруталноста на отповикот е секогаш пропорционална на прекршокот (Kirk 2018). Без сомнение постои недостаток на длабински студии за културата на отповик во однос на тоа како таа го формулира својот антирасистички став. Во овој труд, користејќи аналитика на критички дискурс пристап (Machin and Mayr 2012), го прават токму ова со цел да придонесат кон научната литература за природата на Твитер како платформа за решавање на вакви важни прашања на социјална правда. Постојат добри докази за позитивната улога на Твитер и другите социјални медиуми во демократските процеси. Но, гледајќи повнимателно како расизмот и антирасизмот се формулирани на ваквите информативни канали, ни овозможува да воочиме некои од нивните недостатоци.

Истражувањата на културата на отповик покажуваат проблеми со начинот на прикажувањето на расизмот како нетипична акција, индивидуализирана и поврзана со личните вредности и ставови. Како резултат на тоа расизмот се релативизира, деконтекстуализира и на тој начин се деполитизира, оттргнувајќи го вниманието од реалноста и структурните нееднаквости во општеството со кои се соочуваат одредени етнички групи (Goldberg 2015).

Ова исто ни покажува дека демонизацијата на поединците оневозможува да се најде објаснување на прашањето како е возможно обични и навидум пристојни луѓе да имаат такви расистички ставови и исто така да се објасни процесот преку кој Твитер се појавува како идеална платформа за справување со прашања поврзани со социјална правда. Бувие вели дека меѓу учесниците во отповикот не постои никаква согласност во однос на фактите. Многумина од нив внесуваат сосем поинакви прашања во дебатата, трудејќи се да се истакнат себеси и да ја демонстрираат својата моралност (ibid).

## Твитер во потрага по правда

Постојат многу студии кои не само што ја истакнуваат улогата на социјалните медиуми во демократизацијата и социјалната правда, туку и посебно успешно го илустрираат и докажуваат потенцијалот на Твитер (Jackson et al. 2020). Твитер има потенцијал да дозволи гласови на кои претходно им недостасуваше платформа, да комуницираат, да бидат слушнати, да се обединат, да споделуваат идеи и интереси и да се мобилизираат (Castells 2015).

Влијанието на хаштаговите како што се #MeToo и #BlackLivesMatter обично се добри примери како овој процес може многу поефикасно да ги експонира неправдите и да креира притисок од страна на јавноста за одговорност од страна на сторителите и да влијае врз органите на власта (Bouvier & Cheng 2019). Други студии укажуваат на активистичкиот и демократизирачки потенцијал на Твитер во социјалните и политичките движења низ светот, како што беа протестите на Блискиот Исток (Bruns et al. 2013), како и за вршење притисок во преговори околу државна контрола и цензура на медиумите како на пример во Кина (Yang 2014). Треба исто така да додадеме дека Твитер е еден од најефикасните методи за спротивставување и оспорување на елитистичките идеологии како например негативните карактеризирања на имигрантите и малцинствата кои особено често се сретнуваат во конзервативните медиуми.

Некои научници се повнимателни, посочувајќи дека Твитер исто така може да се користи за ширење идеи кои се многу помалку демократски по природа и спротивни на социјалната правда што најчесто се случува кога авторитарните режими ја користат платформата (McKinnon 2011), како и од страна на групи кои промовираат радикални и екстремистички идеи, или пак отворено повикуваат кон политичко насилство. Алтернативната десница (Alt-Right) активно ги користи социјалните медиуми, вклучително и Твитер, за да промовира екстремни идеи и да ги напаѓа етничките малцинства (Heikkila 2017). Matamoros-Fernandez (2017) посебно го нагласува релативно нерегулираниот начин на кој расизмот се манифестира на многу платформи на социјалните медиуми, вклучително и како алгоритмите овозможуваат промовирање на омраза, нетолеранција и расизам. Ваквиот поларитет го наоѓаме во студиите за улогата на Твитер за и против социјална правда што ја нагласува потребата да бидеме повнимателни, дури и во случаи кога се чини дека платформата се користи за социјално позитивни цели.

## Перформативна емоционалност

Истражувањата покажуваат дека каналите на Твитер се карактеризираат не толку со конзистентни рационални дискусии, колку со изливи на емоции засновани на многу поедноставени наративи околу контрастите помеѓу доброто и злото (Bouvier 2019). Со таков начин на формулирање конечните цели стануваат многу помалку важни од креирањето на заеднички чувства на огорченост што води кон убедливо прикажана заедничка согласност и мобилизирање околу едноставни наративи.

Интензивните емоции се важен дел од користењето на социјалните медиуми (Myers 2010) што истовремено ги стимулира, ангажира и создава овие виртуелни заедници. Емоционалниот аспект исто така помага да се објасни зошто се соочуваме со многу сарказам, лични напади, агресија, говор на омраза  и други манифестации на нетолеранција на Твитер (Ott 2017), но на ова мора да ја додадеме главната движечка сила на каналите на Твитер, а тоа е желбата на корисниците да креираат привлечни и споделени твитови кои собираат лајкови што главно се постигнува преку зајакнување на стереотипите и доблесна сигнализација. Твитер и другите социјални медиуми ни покажуваат дека учеството е одредено од потребата да се привлече внимание, лајкови и ретвитови, што ги приоритизира пораките кои провоцираат силни емоции, поларизација, сарказам и хумор.

## Краткотрајниот карактер на пораките

Склоноста кон нетолеранција, како и недостатокот на рационална аргументација може подобро да се разбере во контекст на она што От (Ott 2017) го нарекува ефемерна или краткотрајна природа на Твитер. Твитањето не бара многу напор и може да се врши истовремено со други работи, што значи дека кога твитаме пораките не се многу добро обмислени или планирани туку спонтани и емотивни. (Bratslavsky et al. 2019).  Поентата е во тоа што кога додаваме твит на емоциите поврзани со одредено општествено, морално или политичко прашање, не одвојуваме доволно време внимателно да ги оцениме другите пораки или спротивните мислења.

Ефемерната природа на Твитер е уште еден фактор што може да ни помогне да разбереме зошто на платформата постои толку многу нетолеранција, агресија и навреди, бидејќи учесниците не можат да одвојат време да размислуваат или да ги разгледаат импликациите и резултатите од она што тие го објавуваат и тие не внимаваат многу што ќе кажат (Foxman & Wolf 2013). Ваквата ситуација исто така создава дистанца од нападнатата личност што го елиминира стравот од негативни последици.

Во такви случаи Сулер (Suler 2004) тврди дека корисниците, преку поедноставениот наратив на доброто и злото, создаваат еден вид споделена стереотипизирана, ментална слика за сторителот кон кој се обраќаат за поуспешно вклопување во наративот што уште повеќе го оправдува нападот.

## Политизација на културата на отповик

Популарноста на културата на отповик се должи на нејзиниот карактер на јавно барање на одговорност и бојкотирање како важно орудие во борбата за социјална правда преку колективна акција. Ваквиот пристап е израз на јавната перцепција на нееднаквост меѓу јавните личности и обичните луѓе. Сепак, конзервативните политичари и експерти сè повеќе го користат аргументот дека културата на отповик, наместо протест против немоќта на јавноста, оди во екстремизам како вид на хаотична толпа на социјалните мрежи.

Минатогодишната анкета за перцепциите и ставовите кон културата на отповик на истражувачката организација Пју (Pew Research 2021)[10] ја потврдува политичката, идеолошката и вредносната поделба во САД. Резултатите на ова истражување покажуваат дека дури и за ваков маргинален феномен како што е културата на отповик перцепциите се предвидливо поларизирани.

[10] Vogels, E. A., Anderson, M., Porteus, M., Baronavski, C., Atske, S., McClain, C., Auxier, B., Perrin, A., & Ramshankar, M. (2021, September 27). Americans and 'cancel culture': Where some see calls for accountability, others see censorship, punishment. Pew Research Center: Internet, Science & Tech. https://www.pewresearch.org/internet/2021/05/19/americans-and-cancel-culture-where-some-see-calls-for-accountability-others-see-censorship-punishment/

На прашањето дали културата на отповик е барање на одговорност за објавување навредливи пораки на социјалните мрежи или, пак, вид на одмазда и казнување на оние кои тоа не го заслужуваат, одговорите покажуваат висока корелација со припадноста на двете главни политички партии и приврзаноста кон либерални или, пак, конзервативни вредности. Од сите интервјуирани возрасни во САД, 58 % главно велат дека нападите на социјалните мрежи се најчесто вид на барање на одговорност, додека 38 % велат дека е поверојатно дека се работи за казнување на луѓе кои не го заслужуваат тоа. Овие ставови јасно се разликуваат по припадност на политичка партија. Демократите се многу поналонети од републиканците да кажат дека се работи за барање на одговорност од страна на луѓето кои објавуваат навредлива содржина на социјалните мрежи (75 % наспроти 39 %). Спротивно на тоа, 56 % од републиканците, а само 22 % од демократите веруваат дека нападнатите луѓе не го заслужуваат тоа (ibid).

И покрај тоа што културата на отповик се прикажува како голем проблем од страна на политичарите и политичките активисти, резултатите од истражувањето на Пју покажуваат друга слика. Од сите интервјуирани возрасни лица, мнозинството или 56 % не слушнале или слушнале многу малку во врска со тоа. Од останатите, 44 % тврдат дека слушнале доста, додека само 22 % тврдат дека слушнале прилично многу за културата на отповик. Демографските разлики во возраст тука покажуваат поголеми варијации отколку политичките ориентации со помладата генерација, навидум многу пофамилијарна со терминот отколку тие над 60-годишна возраст (ibid).

На Националниот конгрес на Републиканската партија на САД во 2020 година, на пример, бројни говорници, вклучувајќи го и поранешниот претседател Трамп, директно се осврнаа на културата на отповик. Тој рече дека културата на отповик ги тера чесните Американци да живеат во „страв од губење на работното место, да бидат засрамени, понижени и протерани од општествениот живот“. Изедначувајќи ја културата на отповик со екстремните левичари, тој вели дека тие сакаат да „ве принудат да кажете тоа што знаете дека е лага и да ве заплашат да не ја кажете вистината“ [11]. Посебна делегатска резолуција дури и експлицитно се осврна на овој феномен, опишувајќи го како „прераснува во бришење на историјата, промовира

[11] ABC News Network. (n.d.). FULL TEXT: Donald Trump’s 2020 Republican National Convention speech. ABC News. https://abcnews.go.com/Politics/full-text-donald-trumps-2020-republican-national-convention/story?id=72659782

беззаконие, ги замолчува граѓаните и ја нарушува слободната размена на идеи, мисли и изјави“ [12].

Во скоро објавениот политички манифест наречен „11 точки - план за спасување на Америка“[13] на сенаторот Рик Скот, поранешен гувернер на Флорида, културата на отповик е наброена како дел од проблемите на американското општество. Ова претставува важен документ за перцепциите на голем дел од граѓаните на САД. Истражувањата покажуваат дека 85 % од гласачите кои се идентификуваат како членови на Републиканската партија веруваат дека културата на отповик е сериозен проблем (Kaufmann, 2022). Сенаторот Скот во десеттата точка од неговиот манифест не само што ветува дека „Ние нема да бидеме замолчени, отповикани, и никој нема да ни наредува кои зборови да ги користиме...“ (ibid: 7), туку се заканува дека ќе ги отфрли „...не само корените туку и приврзаниците на културата на отповик во Америка“.  Со други зборови, планот е да се отповикаат отповикувачите. Втора фаза во неговиот план за борба против културата на отповик се судски постапки против социјалните мрежи како Твитер и Фејсбук и законски ограничувања на начинот на кој тие оперираат. Како последна замерка на ова поглавје од планот сенаторот го потсетува читателот: „Не заборавајте – Вториот амандман (на Уставот на САД) беше додаден за одбрана на слободите гарантирани со првиот амандман“ (ibid: 27). Последната замерка е пример на маскирана порака до неговите приврзаници или т.н. „кучешка свирка“. Неговиот предлог-план е да се отфрлат критичарите на „нашите“ вредности, верувања и претставници, ако тоа не успее ќе ги дадеме на суд“ (ibid: 27). На крајот сенаторот повикува кон вооружено насилство.

Скот, како можен кандидат за претседател на САД во следните избори, јавно одобрува борбата против културата на отповик од размена на навреди на Твитер или Фејсбук да премине во форма на вооружен судир и граѓанска војна. Ова е потврда дека културните војни се манифестација на американскиот парадокс, на основната контрадикција која и покрај долгорочните напори останува ненадмината.

[12] Republican National Committee. (n.d.). Resolution upholding the First Amendment to the constitution of the united ... https://prod-cdn-static.gop.com/media/documents/RESOLUTION_UPHOLDING_THE_FIRST_AMENDMENT_IN_RESPONSE_TO_THE_CORONA_VIRUS_PANDEMIC.pdf?_ga=2.210925846.243356807.1598364704-1862019337.1598364704

[13] Rick Scott’s 11 point plan to rescue America. Rescue America -. (2022, February 25). https://rescueamerica.com/11-point-plan/

## Заклучок

Културата на отповик, како и јавната сфера од XVIII век, времето на новосоздадената буржоазија не претставува еднодимензионален феномен. Нејзината комплексност е соодветна на комплексноста на современото општество со своите позитивни, негативни, неутрални карактеристики заедно со сите нивни варијанти и комбинации. Културата на отповик на своевиден начин ја претставува современата јавна сфера која речиси потполно мигрира во дигиталниот свет и се интегрира со социјалните мрежи, а првенствено со Твитер. Многубројноста на учесниците, анонимноста и отуѓеноста од соучесниците и претставниците на политичко-економската и шоу-бизнис елита додава нови комплексности на феноменот кој несомнено ќе се менува и понатаму ќе се проучува во догледна иднина.

# III. Критичка расна теорија

Критичката расна теорија во последниве две години се претставува како главен фронт на културните војни во САД. Како илустрација за тоа е неодамнешната одлука на државното министерство за образование на Флорида да забрани 54 учебници по математика заради „обиди од страна на издавачите да ги индоктринираат учениците“ (Postal 2022). Како причина за забраната меѓу другото министерството наведе „забранети теми или непожелни стратегии, вклучувајќи КРТ“ (критичка расна теорија). На вчудовидените учители и други вработени во образовниот сектор ќе им треба долго време да најдат алтернативни прирачници, ако воопшто имаат можности на слободен избор (ibid).

Целта на ова поглавје е да се прикаже како од тривијална расправија на социјалните мрежи оваа тема од историјата на културните војни успеа да се издигне на ниво на релевантност до тој степен што дури и ги мотивира и оправдува акциите на државните органи и законодавството. Развојот на критичката расна теорија како тема и предмет на културна војна е школски пример како овој општествен феномен создава емоционални наративи, како тие дигитално се амплифицираат преку социјалните медиуми и служат за мотивација и борбен повик во идеолошките конфронтации и перпетуирањето на американскиот парадокс.

## Основни концепти на критичката расна теорија

Критичката расна теорија (КРТ) е метод за проучување на политиката и институциите на САД кој најчесто се изучува на правните факултети. Нејзините основи датираат од 70-тите години, кога професорите по право предводени од Дерик Бел од Правниот факултет на Харвард, почнаа да истражуваат како расните разлики и расизмот го обликувале американското законодавство, законите и општество (Bell 2000).

Теоријата почива на хипотезата дека расната пристрасност, намерна или не е составен дел на законите и институциите во САД и повикува на испитување на улогата на правосудниот систем во перпетуирањето на расните предрасуди. Црните Американци, на пример, се осудени на затворски казни во несразмерно поголем процент отколку која било друга расна група (Delgado & Stefancic 2001).

Истражувањето на Американската унија за граѓански слободи (ACLU) од 2006 година покажува дека законот за борба против злоупотреба на дрога, кој во 1986 година воспостави построги казни за поседување крек (поевтината верзија на дрогата) од оние за кокаин во прав (поскапата верзија), доведе до тоа просечните федерални казни за дрога за престапниците со темна кожа да бидат 49 % повисоки од оние што им беа изречени на белите престапници[(14)].

Професорката на Универзитетот во Бостон, Јасмин Гонзалес Роуз, еден од водечките авторитети за КРТ, во нејзината студија тврди дека денес расизмот се одржува повеќе преку закони, политики и установени пракси отколку преку индивидуални предрасуди и интерперсонална дискриминација (Rose 2017).

Често се зема здраво за готово дека правилата за обезбедување судски докази се применуваат подеднакво за сите и обезбедуваат еднаков третман за сите лица во судницата, без разлика на нивната боја на кожата. Професорката Гонзалес Роуз ги оспорува овие претпоставки и открива дека законот за докази во пракса структурно ги обесправува луѓето кои не припаѓаат на белата раса. Во судниците низ САД, одреден вид на докази добиваат различен третман за допуштеност врз база на расни критериуми. Докази за „расната реалност“, практичното искуство на расната диференцијација и хиерархијата на белите луѓе премногу често се изнесуваат пред поротите со мала или никаква проверка, додека расната реалност на луѓето со темна боја на кожата е рутински исклучена од судскиот процес, дури и кога таа е поддржана со факти од страна на општествените науки и научници (ibid).

Во нејзината социолошка студија на расизмот „Бела сензитивност“, професорката на Универзитет на Вашингтон во Сиетл, Робин ДиАнџело (DiAngelo 2020) докажува дека дури и кога луѓе од белата раса се трудат да покажат дека немаат расни предрасуди, всушност поддржуваат расистички верувања без да се свесни за тоа. Такви се на пример верувањата за „американскиот сон“ дека индивидуите можат потполно да ја контролираат својата судбина и самодовербата и дека тие се способни потполно да се ослободат од предрасуди. Како социолог со специјалност во анализирање примери на групно однесување, таа тврди дека еднаквиот третман во САД е привилегија резервирана за белата раса. Од друга страна, кога станува збор за мислењата на луѓето со темна боја на кожа, тие им се припишуваат на нивниот расен идентитет.

---

[14] https://www.aclu.org/report/every-25-seconds-human-toll-criminalizing-drug-use-united-states

Во нејзината „епидемиолошка“ визија на белиот расизам нашата свест игра улога на домаќин на расистичкиот вирус кој нè „заразува“. Вирусот се адаптира за да преживее преку мутации. Како што отворениот расизам станува општествено непожелен, тој се прикрива со помош на кодиран говор. Предрасудите не исчезнуваат кога општеството ќе реши да не ги толерира понатаму, туку тие бараат начин да се прикријат. Најефективната адаптација на расизмот, според ДиАнџело е идејата дека „расизмот не е системски проблем, туку дека е само свесно придржување кон предрасуди од страна на мал број злонамерни индивидуи” (DiAngelo 2020).

Комплексноста на ваквата реалност во законодавството и правосудството е монументална. Општествените текови и процеси кои ја делегитимизираа нееднаквоста на граѓаните врз основа на бојата на кожата беа отфрлени уште во 19 век, но последиците поврзани со старите предрасуди за жал сè уште се видливи во денешно време. Од тие причини критичката расна теорија го привлекува вниманието не само на правните туку и на речиси сите други општествени науки.

Луѓето со заедничко потекло споделуваат одредени физички особини, како бојата на кожата, обликот на телото или бојата на косата. Но, тие претставуваат само екстремно мал дел од нивното генетско наследство и се занемарливи во однос на тоа што имаме заедничко, како клучните, изразито човечки особини: личноста, интелигенцијата или моралното однесување. Тоа што ние како општество најчесто избираме да ги игнорираме овие научни факти, да создаваме „раси“ и да им доделуваме псевдо-трајни карактеристики е од голем интерес за критичките расни теоретичари (Delgado & Stefancic 2001: 30).

Една од главните теми на критичката расна теорија е теоријата на „социјалниот конструкционизам“ која нас социолозите нè става на позната територија. Во расниот контекст „социјалниот конструкционизам“ смета дека расата и расите се произведи на општествените односи. Тие не се објективни, својствени или фиксни, не одговараат на никаква биолошка или генетска реалност; туку „расите“ се категории кои општеството ги измислува, манипулира или ги отфрла по избор (ibid).

## Социјален конструктивизам

Социјалниот конструктивизам е теорија на сознанијата во социологијата и комуникациската теорија која го испитува развојот на заеднички конструираните сфаќања на светот кои ја формираат основата за споделените претпоставки за реалноста и ја претставуваат самата култура. Овој термин стана формално прифатен во речникот на социолошката наука во 1966 година со објавувањето на делото на Петар Бергер и Томас Лакман, „Социјалната конструкција на реалноста". Иновацијата на Бергер и Лакман претставува синтеза на идеите на Емил Диркем и Џорџ Херберт Мид која ги гледа основните карактеристики на општествениот поредок преку принципот дека „Општеството е човечки производ. Општеството е објективна реалност. Човекот е општествен производ" (Berger & Luckmann 2011).

Истражувањето на општеството неминовно води низ истражувањето на општествената свест, културната сфера, сознанијата, идеологијата, верувањата и политичката структура затоа што општествената свест е условена и креирана од самото општество и формира една дијалектичка целина каде што заемното влијание се креира и рекреира преку системи на повратни информации, и создава нераскинлива, комплексна, мултидимензионална целина која дејствува преку мнозинство процеси на различни нивоа.

Овој труд нема амбиции да го објасни степенот на влијание на идеите и политичките ориентации врз културниот живот на општеството и групната интеракција низ историјата на човештвото. Целта е само да се осветли улогата на социјалниот конструкционизам во некои расни аспекти на современото американско општество.

Конструктивизмот ни помага да го разбереме проблемот на расизмот затоа што се фокусира на начинот на кој поединците го доживуваат и го сфаќаат светот. Ваквото искуство вклучува заеднички социјални институции како што се нееднаквоста, сегрегацијата или културните војни како својствена човечка реалност. Ние ги третираме работите како што се економската нееднаквост или војните како нешта кои се непроменливи, како нешта кои се типични карактеристики на човештвото (Aho 1995). Во „Социјалната конструкција на реалноста" социолозите Питер Бергер и Томас Лакман ги истражуваат импликациите на начинот на функционирање на групи луѓе преку користење на заеднички „социјален фонд на знаење" – меѓусебно разбирање на темите, значењето и реалноста што може да претпоставиме дека другите имплицитно ќе ги разберат без објаснување и образложение.

На пример, ако кажеме дека некој е „сиромашен", луѓето во американското општество ќе имаат добра идеја што сакаме да кажеме без никакви понатамошни детали. Ако, пак, опишеме некого како „сиромашен" во Супсахарска Африка, комуникацијата може да не ни успее заради разликите во значењето на концептот за сиромашност.

Ваквиот социјален фонд на знаење произлегува од општествените институции, кои Бергер и Лакман ги дефинираат како „реципрочна типизација на вообичаени активности според видови на актери" (ibid). Ова се случува кога две (или повеќе) страни имаат навика да се третираат едни со други на одреден начин заснован на однапред сфатени идеи за тоа каде и како другата страна се вклопува во општеството. Оваа кохезивна наратива според авторите станува „симболичен универзум", теоретска рамка која ги решава противречностите и ги интегрира сите можни искуства во една кохерентна целина. Во рамките на структурата на симболичниот универзум, сѐ има смисла. Работите што се случуваат се природни, неизбежни и точни и ние го разбираме „правилниот" начин на дејствување, размислување и живеење на нашите животи. Симболичниот универзум ни овозможува да го задржиме нашето чувство за идентитет дури и ако луѓето и околностите околу нас се менуваат (ibid).

Ние ги доживуваме институциите како историска реалност. Колку тие стануваат поисторизирани, толку повеќе општеството ги доживува како неоспорен дел од природниот поредок на нештата и толку потешко станува тие да се сменат. Евентуално институцијата станува не само историска креација на претходните генерации туку еден непроменлив, природен или, пак, дури и натприроден факт. Како што овие историзирани институции стануваат сѐ повкоренети, првобитните причини за создавањето на институциите евентуално престануваат да важат за општеството кое постојано се менува. При вакви случаи, отстапувањето од институционалното однесување станува многу поверојатно. За да се спротивстават на ваквите возможности и да ја одржат стабилноста, општествата ги релегитимизираат институциите преку развивање на нови причини за нивното постоење. Овие причини можеби не личат на оригиналните причини за основање на институцијата. Наместо тоа, општеството создава оправдувања користејќи ја истата логика како и оправдувањата за постоење на другите институции. Ова е насочено кон одржување на социјалната кохезија преку создавање единствен, широко прифатен наратив (Berger & Luckman 2011).

Доколку е успешна, оваа кохезивна наративност станува нов симболичен универзум, еден вид теоретска рамка која одново ги помирува сите противречности и ги интегрира сите

можни искуства во една единствена кохерентна целина. Во рамките на структурата на тој симболичен универзум, сѐ мора да има перфектна смисла.

Симболичниот универзум ни овозможува да го запазиме нашето чувство на идентитет дури и ако луѓето и околностите околу нас постојано се менуваат. Бидејќи симболичниот универзум ја опфаќа реалноста, ништо не може да постои надвор од неа. Системот на тој начин го исклучува хаосот, катастрофите, па дури и размислувањето за неизбежност на нашата сопствена смрт со што се ублажува стравувањето од сите можни опасности. На пример, симболичниот универзум ја заменува реалноста на смртта и загубата со рецепти за „коректна смрт“. Таквиот рецепт ѝ придава посебно значење на нашата сопствена смрт, а и на смртните случаи на нашите најблиски. Доследно на тоа поединците можат да продолжат да функционираат без да бидат обземени од тага или страв од неизбежниот крај на животот. На ваков начин, луѓето стануваат подготвени да се борат за да ги зачуваат своите симболични универзуми дури и кога се соочени со контрадикторни информации.

Нападот врз фундаменталните верувања се чувствува како напад врз здравиот разум, затоа што на еден своевиден начин тоа е и навистина така. За жал, заради нивото на колективниот разум на човечката раса, ниту еден симболичен универзум не одговара комплетно на надворешната реалност бидејќи се работи за човечки конструкции кои се протегаат врз една комплицирана и крајно хаотична стварност. Одржувањето на општеството станува зависно од одржувањето на легитимноста на симболичниот универзум особено во случаи на појава на контрадикторни информации. Ако легитимноста на универзумот е доведена во прашање, нови, ривални верзии стануваат попривлечни и можат да доведат до создавање на алтернативен симболичен универзум. Ривалните симболични универзуми со самото свое постоење докажуваат дека доминантниот симболичен универзум не е неизбежен како што можеби изгледа. На тој начин еретичкиот, алтернативен универзум претставува неминовна закана за институциите легитимизирани од страна на доминантниот симболичен универзум и на тој начин директно ја загрозува општествената стабилност. За да се избегне ваквиот егзистенцијален предизвик, општествата користат различни алатки и тактики за да ги елиминираат девијантните појави пред тие да се рашират и да се зацврстат.

Најочигледен начин е преку сила, но општествата, исто така, можат да користат „концептуални техники“ за да ја неутрализираат заканата. Во таа смисла конструкционизмот има доста допирни точки со критичката општествена наука која тврди дека постои

подлабока реалност што е претходно структурирана, а не е измислена од нас (Geuss 1982), таа постои пред ние да ја искусиме или размислиме за неа и има реални ефекти врз луѓето. Истовремено ние конструираме начини на набљудување и размислување што го формираат нашето искуство од емпириската реалност. Нашето размислување може да доведе до тоа да преземеме активности што ќе ги променат структурите на подлабоките нивоа на реалноста. Критичката општествена наука ја гледа нашата способност да ја разбереме реалноста како еден интерактивен процес во кој мислите, искуствата и акциите комуницираат едни со други со текот на времето (Horkheimer & Adorno 2002). Понекогаш, два различни, некомпатибилни или противречни симболични универзуми се појавуваат во истото општество. Непосредната близина на ваквите ривални светогледи ја прави неизбежна и постојана изложеноста на ерес. Во такви ситуации не постојат лесни решенија. Апстрактната и теоретска природа на симболичните универзуми ја елиминираат можноста за решавачки практичен тест за да се утврди кој најточно го опишува реалниот свет. Застапниците на секој поглед на светот ќе се расправаат едни со други во обид да го сменат мислењето и да освојат нови следбеници. Бидејќи тие се расправаат од две некомпатибилни рамки на реалноста, аргументите што ги нуди другата страна нема да имаат никаква смисла за опозицијата. Тие можеби ќе разговараат еден со друг, но со тоа единствено ќе доживеат зголемена фрустрација бидејќи нивните најсилни аргументи ќе наидуваат на рамнодушност и игнорирање. Предводниците и застапниците кои сакаат нивниот симболичен универзум да стане или да се одржи како доминантен во поширокото општество имаат две реални опции. Тие можат или да користат насилство за да го потиснат другиот симболичен универзум или да регрутираат нови следбеници во сопствената верзија на реалноста. Ова регрутирање нема да се случи преку интелектуални аргументи, туку мора да се случи преку механизми за социјализација како што се училиштата, јавните медиуми итн. И насилството и регрутирањето дејствуваат за да го зголемат процентот на приврзаници на сопствениот симболичен универзум во однос на спротивниот. На крајот, бројките го решаваат натпреварот. Колку повеќе луѓе веруваат во еден симболичен универзум, толку повеќе општеството во целина и интеракциите на индивидуално ниво ќе рефлектираат и ќе бараат верба во истиот. Оваа сеприсутност го поттикнува регрутирањето и ја намалува способноста на луѓето во неа да ги доведат во прашање своите начела. Масовното следење, а не емпириските докази или логичките аргументи, одредува кој симболичен универзум ќе триумфира. Ако некој сака да се бори против различна конструкција на општествената реалност, мора „или да најде начин да регрутира и да го зголемува бројот на следбеници или да почне да гради логори и затвори" (Berger & Luckman 2011).

## Теориите на заговор и нивните симболични универзуми

Еден специфичен вид на симболичен универзум е заговорничкиот симболичен универзум. Заговорничкиот симболичен универзум функционира како затворен систем: тој не бара информации надвор од конспиративните аргументи. Ова е спротивно на отворените системи, како што е науката, чии приврзаници активно се обидуваат да ги докажат своите теории вистинити или не, преку сознанија и факти, како што се на пример резултатите на експерименти (Aho 2015). Ако се соберат докази што ја побиваат дадената научна теорија, научниците ќе ја сменат теоријата. Теориите на заговор не функционираат на овој начин. На пример, кога Доналд Трамп го предводеше заговорот за местото на раѓање на Обама, копијата од изводот од матичната книга на родените не беше воопшто прифатена како доказ дека теоријата е лага. Следбениците на Трамп не беа разубедени од овие надворешни информации и одбија да прифатат какви било надворешни информации како веродостојни (New York Times 2011).

Симболичните универзуми кои зависат од теории на заговор не се во состојба да го синтетизираат целокупното искуство во една кохерентна целина бидејќи конспиративната визија нема силна врска со реалниот свет. Според конспиративната логика, сите човечки интеракции на заговорниците се насочени кон една единствена стратешка цел на заговорот (Hofstadter & Wilentz 2012).

Конспиративниот симболичен универзум ја синтетизира теоријата на заговор во еден поглед на светот во кој голема, моќна и мистериозна група манипулира со светските настани во согласност со некаков таен план. Сè што се случува е дел од таквиот план; во заговорниот симболичен универзум нема место за никакви случајности (Aho 2015). Од друга страна, во реалноста дури и најнезначајните општествени дејства произведуваат непредвидени и непредвидливи последици.

Како што вели Ричард Хофстатер во „Параноичниот стил на американската политика“, „параноичниот ум е многу покохерентен отколку реалниот свет“. Нивото на контрола врз настаните и резултатите неопходно за централно испланиран и совршено спроведен заговор во глобални или, пак, национални рамки е практично неизводливо. Затоа, заговорниот симболичен универзум честопати доаѓа во драстични противречности со реалноста (Popper 1963).

Неспособноста на конспиративните симболични универзуми да се соочат со контрадикциите на реалноста се компензира со реторични техники на негација на недоследностите. Прв чекор кон тоа е онтолошкиот напад против поединците кои изразуваат сомненија во веродостојноста на теоријата на заговор. Тие кои изразуваат сомненија се посочени како доказ за моќта и лукавоста на заговорниците и нивната тајна организација да ги прикријат своите зли дела преку создаваање сомненија и раздор. На крајот на краиштата, колку повеќе сомненијата изгледаат како оправдани, толку повеќе се зајакнува концептот на заговорот (Neiwert 2017).

Теориите за заговор исто така обезбедуваат чувство на историска важност и им поставуваат специфични цели на верниците, главно затоа што конспиративниот универзум е претставен како нешто кое има свој специфичен ред и поредок. Идејата дека некои мрачни сили контролираат сѐ и сешто на светот, на еден бизарен начин е поутешна од идејата дека никој не контролира ништо и дека светот е производ на хаос и случајности. Истражувањата сугерираат дека прифаќањето на една теоријата на заговор и вербата во неа предиспонира верба во други теории на заговор. Ваквата динамика сугерира дека прифаќањето на една теорија на заговор може да дејствува како почетен чекор кон потполно прифаќање на еден нов „заговорен симболичен универзум“ (Goertzel 1994).

Истражувањето на политиколозите Ерик Оливер и Томас Вуд ја поддржува идејата дека прифаќањето на теоријата на заговор подразбира прифаќање на еден збир од основни верувања за светот кои се во согласност со прифаќањето на заговорниот симболичен универзум. Според оваа студија, најдобри индикатори на верување во каква било теорија на заговор се: верување дека политиката е борба меѓу доброто и злото, верување дека се приближува крајот на светот, верба во паранормални феномени и верба дека некоја таинствена организација ги контролира настаните во светот (Oliver & Wood 2014). Иако студијата не воспоставува насока на каузалност, без разлика дали заговорот или заговорната логика се на прво место, резултатите на ова истражување ја поддржуваат идејата дека откако поединците прифаќаат една теорија на заговор, тие многу полесно стануваат потенцијални регрути за прифаќање на еден сеопфатен заговорен симболичен универзум.

Теориите на заговор се веќе долго време присутни и на левата и на десната страна од американската политичка сцена. Нивното присуство моментално не значи дека Соединетите Американски Држави наскоро сосем ќе подлегнат на некој заговорен симболичен универзум.

Сепак, зголеменото присуство на конспиративна логика во американскиот јавен живот е загрижувачко, особено со обидите на екстремната десница да го наметне својот заговорнички симболичен универзум на пошироката американска јавност.

## Улогата на пропагандата во културните војни

Концептот на заговорнички симболичен универзум може секако да ни помогне во разбирањето и толкувањето на пропагандата и нејзината улога во современите културни војни. Ширењето на теории на заговор преку пропагандни техники е прв чекор кон прифаќањето на сеопфатен симболичен универзум како кохезивен поглед на свет и како таков претставува главно оружје на културните војни.

Пропагандата е малигна форма на социјалното конструирање на реалноста. Таа го претвора јазикот во инструмент, го претвора говорот, филмот, телевизијата, печатот и социјалните мрежи во моќни оружја на студената граѓанска војна чија главна манифестација претставуваат културните војни. Пропагандата го манипулира и поттикнува карактерот на човечките суштества создаден под услови на социјална неправда. Таа ги манипулира човечките суштества преку измамата која е неразделна од неа. Пропагандата е заедница која се базира на лаги во кои водачот и следбениците вистински се здружуваат. Во неа дури и вистината станува само средство за постигнување политички придобивки. „Пропагандата е акт на антихуманизам" (Horkheimer & Adorno 2002).

Од друга страна пропагандата, на пример, може да претставува и дел од еден своевиден научен метод. Тоа едноставно значи презентација на факти и аргументи со цел да се влијае врз постапките или мислењата на луѓето во одредена насока (Schumpeter 2015). Културните војни се водат преку широко распространети напори за пропаганда и дезинформација кои ја оспоруваат валидноста на науката, експертите или фактите. Дезинформацијата му е неопходна на авторитаризмот и претставува крај на современта демократска култура, нејзините принципи и норми.

Несомнено е дека интернетот ја овозможи појавата на пропаганда и дезинформации во форма на „дигитален фашизам" во кој самите корисници стануваат движечка сила на

нивната сопствена манипулација и радикализација (Acker 2018). Ова толкување подразбира дека социјалните медиуми создадоа сосем нови видови на перцепција во кои влијанието на либералните перспективи далеку е надминато од страна на авторитарно настроените ориентации и ставови (Turner 2019).

Објаснувањето на ваквата диспропорционалност нѐ води преку синтеза на културни фактори како што е анонимноста која го прикрива идентитетот на учесниците на социјалните медиуми и која истовремено овозможува еден вид негативна и деструктивна слобода, прекршување на социјалните норми, на кодовите на пристојно и коректно однесување, избегнување на какви било последици од антисоцијални постапки, како на пример ширење на навредливи пораки и стеротипи, лаги, претерувања и вербална агресија.

Исто така мислењата и ставовите изразени преку интернет уживаат потполно отсуство на санкции за антисоцијално однесување. Кога навреди, лаги и претерувања се изразени како живи зборови, тие моментално исчезнуваат надвор од меморијата на присутните. Постовите на социјалните мрежи и форуми не бараат никаков напор за да се повторат неограничен број пати. Со секој следен посетител, секое читање, лајкување, пораките автоматски се пропагираат од самите платформи. Секој напад на културните вредности, на општо прифатените норми на однесување, секоја антисоцијална постапка наместо санкција добива награда. Колку поекстремен е нападот врз етаблираната култура, колку пожестоки се нападите на постојните норми, колку поинтензивирана е културната војна, толку повеќе посетители добива платформата, а со тоа сразмерно расте и приходот на нејзините сопственици. Со други зборови, екстремизмот и профитабилноста уживаат потполна компатибилност и пропорционалност. Антисоцијалното однесување добива лајкови, социопатите добиваат следбеници, а платформите кои ја овозможуваат и поддржуваат социопатијата и ги промовираат културните војни материјално се збогатуваат со секој нов посетител.

## Кристофер Руфо се појавува на сцената

На 1 септември 2020 година, конзервативниот новинар и истражувач Кристофер Руфо беше интервјуиран на „Фокс њуз“. Интервјуто се осврна на обуката против расна пристрасност во федералните владини агенции како пример за примена на критичката расна теорија. Руфо ја опиша КРТ како радикална идеологија која пропагира расна сегрегација преку образованието. „Конзервативците треба да се разбудат”, изјави Руфо за „Фокс њуз“. „Ова е егзистенцијална закана за САД” (Borter 2021). Три дена подоцна, администрацијата на републиканскиот претседател Доналд Трамп им наложи на федералните агенции да ја прекинат таквата обука, која ја нарече „раздорна, неамериканска пропаганда“ (Crusius 2020). По доаѓањето на власт во 2021 година, демократскиот претседател Џо Бајден ја поништи таа наредба, но културната војна околу критичката расна теорија продолжи со зголемен интензитет.

За конзервативните политичари и десничарските медиуми дебатата околу КРТ беше добредојдена и тие до ден-денес успешно ја користат за да ги осудат дискусиите за историјата на расизмот и иницијативите за диверзитет во државните училишта во САД. Конзервативните родители низ целата земја ги користат состаноците на училишните одбори за да се жалат дека КРТ се користи за индоктринација против белата раса и за ширење на антиамерикански погледи на светот.

Најмалку осум држави, претежно од југот на САД, предводени од Републиканската партија усвоија закони со кои се ограничува начинот да се изучува концептот на раса во училиштата. Во јужната држава Тенеси, каде што законот за образование беше сменет минатата година, наставниците не смеат да дозволат учениците да се чувствуваат „непријатно, како виновни или пак повредени“ заради нивната расна или полова припадност.

## Корените на „конспирацијата“

Успехот на Руфо да создаде движење против КРТ се должи на неговата способност да претвори една правна теорија во теорија на заговор соединувајќи поранешни, стари и испробани методи и наративи, а истовремено манипулирајќи го „стравот“ на американските „бели староседелци“ од новодојдени маси на „гневни имигранти“ со темна боја на кожа.

Една од омилените теории на заговор на новата десница во САД и низ повеќе земји во западната хемисфера е „културниот марксизам“ (Jay 2011). Самата оваа теорија е плагијат на идејата за „културен болшевизам“ која ги мотивираше следбениците на Нацистичката партија на Германија во минатиот век и нејзина фузија со антисемитските митови и теории на светски заговор. Проширена од американскиот пропагандист Мајкл Миничино преку неговата книга „Новата мрачна ера: Франкфуртската школа и политичката коректност“, објавена во 1992 година (Minnicino 1992), идејата за заговор се потпира врз еврејското потекло на водечките членови на Франкфуртскиот институт за општествени науки што за него го „осигурува“ нивното учество во светскиот заговор за културна доминација која наводно ги корумпира децата со сексуално образование и хомосексуалност, ја омаловажува црквата и религијата, воведува контрола на медиумите, експанзија на давачките на државата и води кон уништување на американскиот „национален идентитет” преку интензивирана имиграција, распад на семејството, осудување на расизмот итн. (Minnicino 1992).

Теоријата на Миничино исто така послужи како директна инспирација за убиството на 77 луѓе за време на терористичкиот напад на Андерс Брејвик од Норвешка во 2011 година кој го посветува првото поглавје и ја цитира истата теорија на заговор низ 1500-те страници на неговиот „манифест“ (BBC 2011).

Еден друг следбеник на Миничино е Даниел Естулин. Неговата теорија на заговор оди уште понатаму во истиот правец на антисемитизам и ги додава како соучесници разузнавачките служби, банкарската фамилија Ротшилд, поранешниот министер за надворешни работи на САД, Кисинџер, ченови на кралските династии од Западна Европа и многу други „сиви еминенции“ (Estulin 2017). Оваа мешавина на индивидуи, според авторот, има цел да го заглупави населението преку масовна култура, дрога, рокенрол и да воспостави единствена светска влада (ibid).

За да го разбереме проблемот на критичката расна теорија како бојно поле во културните војни на САД, од клучно значење е врската помеѓу припадниците на Франкфуртската школа и нивната „критичка теорија“. За американскиот пропагандист Руфо придавката „критичка“ автоматски служи како „доказ” за заедничкото марксистичко потекло и директното влијание на марксистичкото наследство на Франкфуртската школа врз критичката расна теорија (Wallace-Wells 2021). Тој смета дека таа е субверзивна теорија која претставува клучен дел од заговорот да се уништи САД преку пропагирање на чувството на вина кај белото христијанско население (Rufo 2022).

Руфо е потполно и самостојно заслужен за претворањето на академската дебата околу критичката расна теорија во „кафеанска расправија“ и „улична“ тепачка, преку додавање на кодирани атрибути кои гарантираат негативна конотација кај неговата публика.

Демографската структура на американското општество се менува и трендовите покажуваат дека белото население во наредните неколку децении веројатно ќе се претвори од мнозинство во малцинство (Jones 2017). Ако кон тоа го додаме очекувањето дека како што нацијата станува сè повеќе секуларна и помладата генерација не се идентификува преку религиозна припадност, влијанието на христијанската религија ќе го изгуби влијнието во општеството, ни станува јасно зошто радикализацијата станува прифатлива опција за навидум „нормални“ луѓе. Општествените групи кои се чувствуваат загрозени стануваат безобзирни, не ги избираат средствата за сопствено одржување и самозаштита и претставуваат примарни кандидати за радикализација (Al-Kire 2021).

Руфо беше во потрага по нешто што ќе го привлече вниманието на оваа новорадикализирана популација, на радикалната десница и ќе го истакне него како водечки идеолог. Во неговото интервју за магазинот „Њујоркер” минатата година тој изјавува дека му беше потребно да воведе „нов јазик, нова терминологија“ за овие „проблеми“ (Wallace-Wells 2021). Според него, терминот „политичка коректност“ веќе не предизвикува силна емотивна реакција и не е многу актуелен бидејќи елитите веќе не се трудат да наметнат манири и културни норми, туку сакаат фундаментално да ја рекреираат човечката психологија преку новата расна политика. Ваквиот приод е многу „порадикален“ од култура на отповик или пак „будност“ и затоа Руфо реши дека фразата „критичка расна теорија“ ги има сите состојки за да изгледа како да го опишува „идеалниот злосторник“ (ibid). Фразата служи како политичко оружје бидејќи претставува идеи на кои конзервативната публика силно се противи. Тоа е исто и заслуга

на негативните конотации за мнозинството Американци од средната класа, вклучувајќи и некои од малцинствата. „Критичка“ во преовладувачката култура значи нешто негативно, нешто што е антитеза на креативност. „Расна“ исто така има негативни конотации затоа што врската со расизам се смета за нешто поврзано со индивидуите, а не со расите. Слично е и со преференциите за нешто практично како позитивно наспроти нешто теоретско што е негативно. Доследно, конотациите на овие три зборови поврзани во фразата „критичка расна теорија“ се непријателски, академски, раздорни, расно ориентирани, токсични, елитистички и антиамерикански. За пропагандист како Руфо сето ова претставуваше идеална можност уште повеќе заради тоа што фразата беше прифатена од самите теоретичари кои ја креираа теоријата (Crenshaw 2010).

Пропагандниот успех на Руфо доведе до создавање на масовно движење, му овозможи директно влијание врз извршната власт на највисоко ниво, инспирираше нови образовни иницијативи, регулативи и рестрикции, бранови на демонстрации во образовните институции кои сè уште продолжуваат да ги застрашуваат наставниците во училиштата каде што никогаш досега никој немаше ни чуено, а камоли изучувано критичка расна теорија.

Кимберли Креншоу (Kimberlé Crenshaw), професорка на УКЛА и еден од најеминентните авторитети кога се работи за критичката расна теорија, го истакнува политичкиот карактер на опозицијата и семантичкиот карактер на критиките кои беа предводени од поранешниот претседател Трамп, а моментално продолжуваат од аспиранти за кандидати на следните претседателски избори во 2024 година. За неа погрешното протолкување на дефиницијата на критичката расна теорија ја уништува првобитната намера за создавање на безбедна животна средина за малцинствата. Реториката наметнува ставови кои теоријата за расна еднаквост ја третираат како агресија и дискриминирање на луѓето со светла боја на кожата (McCormish 2022). Гореспоменатиот декрет на министерот за образование на Флорида е доказ дека професорката Креншоу има потполно право. „За жал неколку издавачи (на учебници)... вклучија забранети и раздорни концепти како КРТ и други непожелни стратегии на индоктринација...“ (Postal 2022).

## Заклучок

Интензивната опозицијата кон КРТ преку фабикувани аргументи и пропагандистички маневри е доказ за валидноста на хипотезата на овој труд, и потврда за континуитетот и клучното место кое го зазема таканаречениот американски парадокс во политичко-социјалната динамика на општеството. Основната причина за спротивставувањето не е марксистичкиот карактер на КРТ како што обвинуваат противниците, затоа што оригиналните критички мислители како Мартин Лутер Кинг немаа никаква врска со марксизмот.

Критичкиот пристап кон теоријата на расната еднаквост не е различен од критичкиот пристап во која било научна дисциплина. Критичкиот пристап не се задржува на исклучиво академски или теоретски проблеми туку се осврнува на длабински прашања како интересите и идеологиите, основните општествени проблеми и ги разгледува перспективите на тие кои се најзасегнати додека критички ги анализира тие кои се на позиции на власт, кои се одговорни и кои имаат начини и средства да создадат општествени промени (Wodak 2007).

Професорката Креншоу концизно го потврдува тоа во нејзиното интервју од минатата година за магазинот Нејшн (Wiener 2021). „Кога и да направиме обид за расна реформа наидуваме на барикадирање.“ Што практично е идентична реакција на секој обид од 1988 година наваму кога Креншоу ја објави нејзината студија „Раса, реформа и барикадирање“ (Crenshaw 1988).

Критичката расна теорија перфектно ја илустрира конвергенцијата на разновидните општествените сили, нивните често спротивставени системи на вредности, дијалектиката на структурите на моќта и на преминот од јавни полемики до улично и политичко насилство. Културните војни околу критичката расна теорија во САД конечно ги покажуваат нивните скришни мотиви кои не се ограничени на светот на идеите туку ја користат идеолошката сфера, медиумите и социјалните мрежи за омаловажување на опозицијата, нормализирање на насилството што понатаму служи како услов за реализација на антитезата на демократското општество, за доминација на малцинството врз мнозинството.

# IV. Имиграцијата и културните војни

Овој дел од трудот претставува осврт на современите аспекти на имиграцијата кои придонесуваат кон трансформацијата на овој комплексен општествен феномен во предмет на една од доминантните културни војни во современото американско општество.

Историјата на имиграцијата во САД е практично историја на американската нација. Од „откривањето“ на новиот континент од страна на средовековните европски морепловци па сѐ до денешен ден, Америка е магнет за емигранти од целиот свет. На почетокот приливот на новото население беше спонтан процес без никакви регулативи. Со текот на годините и со зголемениот прилив на новодојдено население се зголеми и политичкиот притисок за неговото регулирање и ограничување.

Општествената динамика на САД поврзана со имиграционите трендови е комплексна колку што е самото општество. Историските аспекти се испреплетени со класните, етничките, демографските, психолошките, културните и политичките фактори што заеднички придонесуваат за привидната неспособност на општеството да постигне нормализација и хуманизација на приливот на население од странство. Како и повеќето културни војни и таа поврзана со имиграцијата во САД се базира на теории на заговор, етнички, религиозни и политички предрасуди, манипулирани информации и отворена пропаганда.

Демографската статистика на министерството за домашна безбедност покажува дека во 2019 година 45 милиони од населението во САД биле родени во странство. Оваа популација пораснала за 12 % од претходниот попис во 2010 година во споредба со 5 % пораст од страна на оние родени во земјата (1)[(15)].

Ваквите демографски трендови се користат за „проекциите” дека во наредните неколку децении белото христијанско население ќе се претвори во малцинство како што предвидоа студиите на политичките стратези на Републиканската партија по двете загуби на изборите во 2008 и 2012 година  (Jones 2017: 88). Тие  истовремено служат како инспирација за т.н.

[15] Estimates of the unauthorized immigrant population residing in the USA. (n.d.). Retrieved May 13, 2022, from https://www.dhs.gov/sites/default/files/publications/immigration-statistics/Pop_Estimate/UnauthImmigrant/unauthorized_immigrant_population_estimates_2015_-_2018.pdf

„теорија на замена“ на францускиот автор Рено Каму (Gorski & Perry 2022: 105), адаптирана за американската публика, што проповеда дека постои светски заговор за обесправување на американските христијани (ibid).

Неуспехот да се создаде сеопфатна имиграциона политика и префрлувањето на вината за ситуацијата од една на друга страна на политичкиот јаз доведе до ситуација каде што се проценува дека денес во САД живеат и работат повеќе од 11 милиони илегални имигранти (1). Тоа се луѓе од кои мнозинството се во постојана состојба на неизвесност, несигурност, имаат ниски приходи, немаат здравствено осигурување и во секој момент можат да бидат депортирани. Тие се главните претставници на „прекаријатот, новоосиромашениот пролетаријат на 21 век” (Standing 2021: 17).




Горната графа го прикажува движењето на бројот на илегални имигранти присутни во САД во последните три децении. Присуството на оваа супкласа во општеството игра голема улога во формирањето на наративите кои се нераздвоен дел од културните војни поврзани со имиграцијата.

Спротивставувањето, приговорите и отвореното непријателство кон имигрантите, кон новодојдените не е нов феномен за повеќето низ историјата и е нераздвоен од национализмот. Национализмот е сеприсутен феномен и е една од главните компоненти на современото општество и културните војни. Тој претставува една универзална општествена динамика која се пројавува преку разни екстремни, радикални и милитантни варијанти. Дискусијата за неговите корени секако ќе нè врати назад во историјата кога национализмот се пројавува низ мнозинство форми и варијации кои можат сами по себе да бидат предмет на екстензивни студии.

## Општи карактеристики на национализмот

Чувствата, стремежите и свеста се некои од термините кои се користат за да се објасни она што го нарекуваме национализам или придавање поголема вредност на националната држава од сите други видови на групна идентификација. Ова нè води понатаму кон одредени претпоставки за волјата за самоопределување, постоењето и желбата за различност, супериорноста на суверената држава над другите облици на владеење и централниот карактер на лојалноста кон нацијата и кон политичката моќ на националната држава како неприкосновен облик на легитимирање.

На почетокот на минатиот век повеќе автори како Емил Диркем и Ленин тврдат дека предуслов за вистински солидарносен интернационализам е зрелиот национализам, кој сам го препознава заедништвото на различноста. Спротивните теории тврдат дека концептот на нацијата вклучува лажни поими во однос на „природните национални граници и само обезбедува подобен политички епитет и за левицата и за десницата“ (Smith 1983; 1991).

Други автори како Ханс Кон прават разлика меѓу западноевропските, германскиот, францускиот и англискиот и источноевропските, славјански видови на национализам. Според него источноевропскиот вид е врзан со „ослободителни движења и националистичката интелигенција наместо со целиот народ или Volk”, како на запад (Kohn 2017: 354). Според него западниот вид на национализам, кој се појави во Англија и Франција во периодот 1600 – 1800 година, нацијата ја поистоветува со масите и со популарните облици на политика и на тој начин служи да обезбеди културно оправдување за веќе постојната политичка

структура (ibid). Во источниот вид, национализмот се користи за да се оправда создавањето на национални држави во помалку развиените делови на светот, со прекројување на политичките граници во согласност со етнографските барања. Со други зборови, тоа обезбедува еден вид оправдување за создавање на држави и политички процеси. Оваа дистинкција, како и повеќето други слични типологии на национализмот, служат за описни и нормативни цели; односно, ги класифицираат типовите на национализам кои се наоѓаат во современиот свет и истовремено ги прогласуваат за политички валидни или опасни форми. Западната варијанта е автентична, либерална, демократска и добра, додека „источната е туѓа, етничка, расистичка и генерално лоша" (Kohn 2017: 433). Слична, контроверзна типологија прави разлика помеѓу „граѓански национализам" и „етнички национализам". Концептот на граѓански национализам значи дека некои поединци можат да бидат воопшто без националност. Етничката националност, од друга страна, е вкоренета во биолошката неопходност, а не во индивидуалниот избор. Се јавува во семејства и се верува дека е наследна карактеристика. Луѓето се раѓаат во одредена националност, која потоа ги одредува нивните интереси, чувства и чувство на приврзаност кон одредена нација. Ваквите пристапи кон типологиите на национализмот се во суштина етноцентрични и евроцентрични. Таквата дистинкција е привлечна за многу западни и либерални набљудувачи, бидејќи им овозможува да направат разлика помеѓу идејата за слободно избран, политички пристоен национализам како што се наоѓа во граѓанската гордост на Американците и национализмот што го величи „..наследениот културен идентитет од типот што се сретнува и предизвикува конфликт во многу земји од Источна Европа" (Greenfeld 2019: 64).

Ограничувањата на етноцентристичкиот пристап стануваат уште повидливи во однос на латиноамериканските и новите африкански, постколонијални национализми, како и за вештачките, империјално наметнати граници на племенските земји кои беа многу пофлуидни од новоформираните национални држави кои следија. Други теории сугерираат дека национализмот сам по себе е вид на модерна религија или е барем слично на она што на друго место во социологијата се нарекува граѓанска или цивилна религија. Факт е дека постојат специфично „религиозни национализми" (Greenfeld 2019: 64), поврзани главно со исламот и јудаизмот, но се исто така евидентни во историите на Полска и Ирска каде што римокатолицизмот формираше централен елемент во националниот, секуларен идентитет. Функционалната еквивалентност помеѓу религијата и национализмот се користи како доказ за валидност на овој пристап (Greenfeld 2019: 60).

Пристапот кон национализмот на Ернест Гелнер сугерира дека историјата може да се гледа како низа на променливи технологии, од кои секоја генерира потреба за специфичен општествено-политички поредок, и дека национализмот е стил на политика што најдобро одговара на сегашната индустриска технологија бидејќи на заедничкиот пазар, на индустриските општества, за разлика од аграрните, му требаат хомогени јазици и култура за да работи ефикасно (Gellner 2009: 19). Според Гелнер, современото општество налага таму каде што не постои национализмот да се измисли и да се пропагира „..преку јавното образование и културните индустрии. (ibid). Акцентот на неговата анализа е помалку на спонтаните колективни аспирации од граѓански вид или на културата отколку на намерните политики на владејачките елити за градење на нации.

Посткомунистичките трансформации во Источна Европа додадоа нова димензија на хипотезите за односите помеѓу градењето на нацијата, потрагата по нови извори на социјална идентификација и појавата на капитализмот. Конкретно, „вредносниот вакуум" создаден со колапсот на поранешните официјални еднопартиски идеологии обезбеди простор за развој на националистичките и популистичките идеологии кај „малите нации" за кои не се очекуваше дека ќе ги поседуваат атрибутите неопходни за потполно развиен национализам. Трагедијата на распадот на овие општества кулминираше во воени судири од Грозни преку Крим па сè до Сараево.

Транзицијата од националистичка митологија до геноцид во овој дел на светот е предмет на студијата на Бранимир Анзуловиќ, „Небесна Србија, од мит до геноцид" (Anzulovic 1999). Анзуловиќ укажува на меѓународниот карактер на национализмот и дека великосрпската митологија не беше само домашен производ, туку беше интензивно пропагирана од западноевропските сојузници уште во времето на Првата светска војна.

## Национализмот во САД

Американскиот национализам се пројавува низ мнозинство форми и манифестации, од кои повеќето се базираат на широко прифатената идеја за уникатноста и исклучителноста на американската нација. Повеќето нации во светот се склони да зборуваат за себеси користејќи исклучиво суперлативи. Американскиот национализам не е исклучок во тој поглед. Вистинската исклучителност на американскиот национализам е во тоа што тој е обоен или, со други зборови кажано, расно дефиниран што води кон огромни разлики на мислења меѓу различни делови од населението.

Највидливата национална идентификација во современото американско општество е крипторасистичкиот псевдохристијански национализам на белата раса чии манифестации често имаат милитантен карактер. Деталната анализа на овој феномен кој веќе има форма на масовно движење, неизбежно ќе нè одведе кон анализа на авторитарни и тоталитарни социјални тенденции кои претставуваат нераздвојни елементи на модерното американско социјално битие.

Во неговата студија на американскиот национализам „Американски завет“ социологот Филип Горски ја дефинира идејата за националниот завет како верба во граѓанското единство. За него не постои друга прифатлива алтернатива зошто во отсуство на единство изградено околу „...социјален консензус, општествата историски неминовно тонат кон единство преку авторитарна власт, демократска дисфункционалност или пак некоја комбинација од сите три опции“ (Gorski 2017:VIII).

Според Горски, САД се наоѓаат во еден клучен историски период кога „единството на нацијата и опстанокот на самото општеството се доведени во прашање“. Дали американската република ќе ја преживее студената граѓанска војна во која сега е активно ангажирана и дали таа повторно ќе се претвори од студена во топла, како во времето на Линколн, се две отворени прашања. „Политичката температура е во постојан пораст”(ibid).

Во неговата книга „Насилството како генеративна сила” историчарот Макс Бергхолц тврди дека спротивно на општоприфатеното гледиште според кое национализмот води до насилство, самиот акт на насилство создава фундаментално нови перцепции за етничката припадност, како за индивидуалните припадници на заедницата, така и за

нивните замислени „браќа“ и за оние кои се перципираат како „други“. Според Бергхолц, интеретничкото насилство е причина за креацијата на нови заедници, нови форми и конфигурации на моќ и нови манифестации на национализмот (Bergholz 2016: 239).

Застапниците на екстремните верзии на американскиот национализам се самодефинираат преку возвишувањето на Вториот амандман од Уставот на САД  кој им гарантира право на граѓаните да поседуваат огнено оружје. Огненото оружје е истовремено и симбол на потенцијално насилство, а исто така ја модифицира идејата за припадност на американската нација.

Демонизацијата на „другите“ сограѓани, тие со различни политички убедувања се етикетирани како „неамериканци“, како непријатели на нацијата што етички и морално оправдува акции на насилство насочени кон нив. Демонстративното носење оружје на јавни места е перформативно насилство, стохастичко убиство на сите тие кои не го обожаваат нивниот водач и не ја прифаќаат безусловно нивната идеологија. Во ваквата клима заканата со насилство од страна на политичари и изборни кандидати се смета за доблест, често наоѓаме ситуации на видни личности кои ја прифаќаат оваа екстремна идеологија на „бело-христијански национализам“ (Gorski & Perry 2022: 13) отворено да позираат вооружени.




Кори Милс, кандидат за член на конгресот од Флорида позира за промотивно видео вооружен, пред оклопно возило, и во воена униформа

Манифестациите на „националната свест" се флуидни и низ историјата се регистрираат со поголем интензитет или интентизитет што ги вклучува сите можни варијации помеѓу милитантен национализам и комплетно отфрлање на самиот концепт на националност. Некои социолози се обидуваат да го објаснат самиот феномен на американскиот национализам поаѓајќи од општоприфатениот концепт на нацијата не како неприкосновен факт, туку како социјален феномен од привремен, дијалектички карактер во смислата на Бергер и Лакман (Berger & Luckman 1984: 6), како социјално конструирана реалност или како „замислени заедници" според идејата на Бенедикт Андерсон (Anderson 2016: 101).

Резултатите од некои понови истражувања ја потврдуваат валидноста на ваквиот пристап. Американските социолози веќе долго време идентификуваат „јаз во перцепцијата“ меѓу црните и белите Американци во врска со расната неправда, честопати нагласувајќи ги или таканаречените „епистемологии на незнаење“ или „религиозно-културни“ механизми кои според Едуардо Бонила-Силва како продукти на расизмот ја претставуваат суштината на американското општествено битие (Bonilla-Silva 2018: 15). Преку интеграција и проширување на овие сознанија, американските социолози теоретизираат дека концепциите за религиозно-културното наследство на Америка и идентитетот се расно обележани и втемелени во идејата за супериорност на белата раса. Јазот во перцепцијата е во голема мера воден од расизираната идеализација на белците и на нивната религиозно-културна супериорност во американскиот граѓански живот што Пери и неколку други автори го нарекуваат „бело-христијански национализам“ (Whitehead & Perry 2020: 9). Резултатите од истражувањата на перцепциите за расна неправда во САД покажуваат дека колку повеќе белците потврдуваат навидум расно неутрални ставови кои ја нагласуваат супериорноста на христијанството во американскиот живот, толку повеќе тие се идентификуваат како „жртви“ на наводна дискриминација кон „белците“ и го негираат постоењето на неправди кон Американците со темна боја на кожа (Whitehead & Perry 2020: 47). Ваквата асоцијација на ставови се јавува како главна причина за јазот во перцепцијата. Поточно кажано, за „белците“ христијанскиот национализам е силно поврзан со одбивање да се признае расната дискриминација кон „црнците“, со тврдење дека постои наводна дискриминација кон белците и со поголема веројатност за негирање на постоењето на расната дискриминација во работата на силите на редот. За Американците со темна боја на кожа, истите ставови кон христијанскиот национализам не покажуваат значителна промена во нивното признавање на расните неправди. Тоа води кон заклучок дека за „белците“ прифаќањето на идејата за „христијанската“ традиција на Америка е расно шифрирана и придонесува за идеолошка одбрана на белата супериорност што вклучува негирање на секојдневните неправди кон Американците со темна боја на кожа и задолжително прифаќање на идејата за „бели жртви“ (ibid).

Во контекст на американскиот национализам, идејата за Америка како „христијанска нација“ речиси секогаш вклучува расистички конотации што имплицираат дека „вистинските Американци“ не само што се бели туку и се родени во земјата и како такви тие се единствените кои се морално достојни и ги заслужуваат законските права и заштита (Whitehead & Perry 2020: 50). Овој комплекс на наративи и идеали кои го потврдуваат митологизираното „христијанско“ наследство и идентитет на Америка е за белците расно шифриран, но

нивниот навидум религиозен и навидум „расно неутрален“ јазик ја замаглува прикриената одбрана на белата супериорност, претворајќи ги во идеологијата на бел расизам.

Радикализацијата на десницата во САД се интензивира со победата на изборите во 2016 година на поранешниот претседател Доналд Трамп. Нативизмот и национализмот кои во последно време се екстензивно истражувани (ibid) добија нов стимулус и охрабрување. Ксенофобичните политички говори и акции во времето на Трамп ја интензивираат културната војна преку демонизација на јужноамериканските имигранти кои беа обвинети за шверцување дрога, убиства, силувања и тотална инвазија врз САД која единствено „може“ да се спречи со подигнување на ѕид на јужната граница (ibid).

## Рик Скот и културната ксенофобија

По неуспешниот обид за државен удар на 6 јануари 2021 година Републиканската партија се подели на следбеници и противници на поранешниот претседател кој беше обвинет за неговата улога во настаните од тој ден. Оттогаш наваму како што полека расте бројот на републиканци  кои се обидуваат да се дистанцираат од Трамп, така неговите приврзаници сè повеќе и повеќе се радикализираат (Colvin 2022).

Еден од најпроминентните следбеници на Трамп е поранешниот гувернер на Флорида, моментално сенатор, Рик Скот кој се очекува да биде кандидат на следните претседателски избори во 2024 година. Неодамна тој го објави неговиот план за „спасување на Америка“ (Scott 2022), што практично претставува негова политичко-идеолошка платформа која ќе ја користи во претстојната изборна кампања и со која сака да се прикаже како најверен следбеник на идеите и политиките на Трамп. Планот за „спасување“ е поделен на единаесет поглавја. За целта на овој труд јас ќе се задржам само на четвртото поглавје кое е посветено на проблемот на имиграцијата.

Користејќи го пристапот на критичка дискурсна анализа како најсоодветен метод за анализа на содржина на пишан текст ќе се обидеме да направиме подлабок увид во идеите кои лежат во основата на политичката идеологија, неопходна за денешните учесници во културните војни од партијата на поранешниот претседател.

Почетокот на поглавјето ја содржи макроструктурата на останатиот текст. Не само текстуално туку и визуелно преку слика на која е прикажан момент од конструкцијата на металната бариера на јужната граница со Мексико за време на претходната администрација. Макроструктурата се содржи во насловот кој вели: „Ние ќе ја обезбедиме нашата граница, ќе ја довршиме изградбата на ѕидот и ќе го именуваме по претседателот Доналд Трамп.“

Соодветно на тоа тематската макроструктура на воведот е следната:

М1 – Ѕидот е неопходен за заштита на нацијата

М2 – Трамп беше во право да ја почне изградбата

М3 – Сегашната администрација не ги почитува границите

М4 – Имиграцијата треба да биде строго контролирана

М5 – Имигрантите треба да поминат културно-политички тест

М5 – Имиграција без строга контрола ја слабее нацијата

М6 – Рик Скот е единствениот кој може да ја обезбеди границата




Како што беше во случајот со Трамп, исто така и за Рик Скот ѕидот зазема централно место во нивната идеолошката платформа. Името „ѕид“ не е соодветна дефиниција за металната бариера која стана лесно надминлива препрека за илегалните имигранти. Сепак тоа не им пречеше ниту на Трамп или Скот, ниту на нивните следбеници затоа што зборот „ѕид“ има ненадминлива метафорична вредност. Ѕидот значи дефинитивна, неповратна и недвосмислена поделба затоа што идеологијата на Скот и Трамп е идеологија на бело-христијанскиот национализам (Perry & Gorski 2022: 29). За белите христијански националисти и следбеници на трампизмот тоа е поделба помеѓу „вистинските“ Американци, родени во

земјата и непожелните имигранти со темна боја на кожата чии аспирации се да влезат во САД со „единствена намера" да добијат социјална помош, бесплатно здравство и бесплатно школување за нивните деца. „Ѕидот", за кој поранешниот претседател неосновано тврдеше дека ќе биде платен од мексиканската влада, е симбол на бела супериорност и безбедност од „ордите" кои носат „криминал, заразни болести и беда" (Whitehead & Perry 2020: 76). „Ѕидот" нѐ штити „нас" од „нив", од „оние другите" кои не изгледаат како нас и се затоа непожелни. Во раниот период од неговиот мандат Трамп имаше додатни идеи како да ја амплифицира идејата за „ѕидот" со додавање на ров полн со вода, со змии и алигатори по целата негова должина (Turley 2019).

Следните две реченици ја елаборираат оправданоста на „ѕидот" прво преку сарказам завиткан во тавтологија со реченицата која вели „Нациите имаат граници", што подразбира дека моментално во САД граници не постојат или, пак, се потполно отворени што ја остава нацијата незаштитена и подложна на „инвазии" од неограничен број на илегални имигранти. Втората реченица „И ние би требале да го пробаме тоа" е отворен сарказам со намера да потврди дека сегашната влада ја отфрла идејата за национални граници и моментално кој сака може слободно да влезе во САД без виза или какви било документи.

Следните неколку изјави се со намера да ја потврдат оправданоста за градбата на ѕидот затоа што „претседателот Трамп со право го изгради", додека истовремено претставуваат обид да се огради од обвиненија за ксенофобија и расизам. „Добредојдени се сите тие што сакаат да ни се придружат во градбата на американскиот сон, имигрантите кои сакаат да станат Американци, но не тие кои сакаат да ја променат Америка" (Scott 2022: 15).

Методот на критичка дискурсна анализа е исто толку заинтересиран за фактите и проблемите што се премолчуваат, колку и за тие што отворено се дискутираат. Тоа што Скот испушта да го спомне во оваа реченица е дека концептот за „Американци" на бело-христијанскиот национализам е јасен и се однесува на тие кои се родени во земјата, а не во странство. Сѐ ќе биде „во ред" сѐ додека новодојдените се подготвени да го прифатат нивниот статус на второкласни граѓани, да работат во нископлатени мануелни професии за помалку од минималната саатница, да не се придружуваат на синдикатите и да не бараат помош од државата во кој и да било случај. Со други зборови тие се добредојдени доколку се подготвени да го почитуваат статус квото.

Следната реченица е потврда дека Скот го прифаќа ултрадесничарското разбирање за демографијата на САД. „Ние сме посилна нација бидејќи сме нација на имигранти, ама имиграција без асимилација нè ослабнува.“ Идеите за диверзитет, различност и вклученост се анатема во бело-христијанската националистичка теорија. Конформизмот е врховен модел на доблест затоа што за да ја задржи козистентноста на сопствената логика, таа теорија мора да има дуализам, поларитет, „нас“ и „нив“. Од една страна постои група во која сите ги споделуваат нашите вредности, верувања, обичаи и надворешен изглед, а наспроти е другата група чија заедничка карактеристика е различноста од „нас“, тие се сиромашни, необразувани, не зборуваат англиски и имаат темна боја на кожа.  Последните две реченици го формулираат проблемот и нудат солуција за неговото совладување. „Политичарите од двете партии зборуваат за безбедноста на границите, ама не прават ништо за тоа. Нам ни е доста од тоа.“

Рик Скот се прикажува себеси како единствениот вистински следбеник на Трамп и дека само тој може да го реши проблемот и да ја спаси нацијата. Во исто време тој ја патронизира неговата публика поистоветувајќи се со нив преку користењето на „нам“ наместо „мене“ со намера да се прикаже како дел од народот, како „обичен“ човек, затоа што само како таков тој може да ги разбере проблемите на нацијата, а не како дел од „политичката елита”. Нам, нас, ние се заменки кои се историски постојано користени од страна на авторитарни лидери за создавање на емоционална поврзаност со нивните следбеници (Whitehead & Perry 2020: 86).

Откако ја елаборира макроструктурата на планот за имиграциона политика, Скот продолжува со „дообјаснување“ преку девет додатни точки од кои првата е повторување на тавтологијата дека државите имаат граници што е насочено кон зајакнување на верувањето меѓу поддржувачите на Републиканската партија дека моментално јужната граница помеѓу САД и Мексико е отворена за слободен премин на неограничен број имигранти.




**I.** „Земјите имаат граници. Ние ќе ја контролираме нашата и ќе ја обезбедиме еднаш засекогаш.“

Контекстуалната анализа ни покажува дека во основата на ова тврдење е „теоријата на замена“ или подобро кажано теоријата на заговор. Наративот на овој заговор е дека Демократската партија има намера да увезе милиони сиромашни имигранти кои во иднина ќе гласаат за демократски политичари и ќе ги наметнат нивните интереси врз „белото население, родено во земјата“ што вклучува зголемување на даноците на приход.

Следното „појаснување“ е продолжние на макроструктурното ветување за строго контролирана имиграција преку аналогија и игра на родителските инстинкти за заштита на потомството.

**II.** „Никој нема да влезе без наша дозвола. Ние ги заклучуваме портите навечер, не затоа што ги мразиме луѓето надвор, туку затоа што ги сакаме луѓето внатре и сакаме да

бидат безбедни.“

Втората реченица е обид за имунизација од обвиненија за расизам, но сепак го поддржува негативниот стереотип на имигрантите како потенцијални криминалци од кои „добрите“ домаќини мораат да ги заштитат своите семејства. Со оваа аналогија Скот се прикажува себеси како дел од „нас“, како врвниот патријарх кој ќе го заштити „американското семејство“ од „лошите новодојденци“.

Третата точка повторно има за цел имунизација од обвиненија за расизам, создавање на контраст меѓу „добри“ и „лоши“ имигранти што уште повеќе го интензивира сомнението кон новодојдените со импликацијата дека меѓу нив има и такви кои ја мразат земјата.

**III.** „Голем број потенцијални имигранти ја сакаат Америка. На тие кои не ја сакаат нема да им дозволиме да дојдат тука. Ова е наша земја и никој нема ’право’ до дојде во Америка.“

Скот тука повторно се прикажува како спасител, ветувајќи дека на тие кои „не ја сакаат Америка“ нема да им дозволи да дојдат. Практичната страна на тој „тест на љубов“ не се споменува и се препушта на имагинацијата. Како ќе можат имигрантите да ја докажат нивната љубов за Америка ако, на пример, не зборуваат англиски, или пак имаат некаква физичка попреченост? Како ќе може пасошката контрола да тестира љубов за Америка и кој ќе ги одреди критериумите? Тие информации се испуштени, но следната реченица ги потврдува сомненијата тврдејќи дека никој нема „право“ да дојде во Америка.

Наредното ветување имплицитно го прикажува проблемот на имиграцијата како еквивалент на воена инвазија што е уфрлено со намера да доведе до заклучок дека тоа бара интервенција на армијата на САД.

**IV.** „Ако е потребно ние ќе користиме и воени средства на нашите граници. Безбедноста на границите не е само политички проблем, туку исто така е проблем на нашата национална безбедност.“

Осиромашените имигранти кои доаѓаат на границата да поднесат барање за азил не се појавуваат вооружени, но споменувањето на војската во американската традиција

побудува чувства на патриотизам и автоматска согласност со политичкото водство. Во случај на војна домашните проблеми се тргаат на страна и целата нација го поддржува раководството како демонстративен акт на единство пред непријателот. Со користење на ваквите асоцијации идниот претседател и неговата администрација ќе можат да имаат потполна контрола над имиграционата политика, бидејќи се работи за извонредна состојба како што е војната.

Затегнувањето на критериумите за имигрантите преку одземање на работнички права го прикажува Скот како застапник на нова ера на сегрегација каде што еднаквоста е елиминирана.

**V.** „Имигрантите нема да се квалификуваат за социјален надоместок за невработените или социјална помош за првите седум години од нивното пристигнување во САД.“

Новодојдените имигранти во САД имаат право да аплицираат за државјанство по четири години постојан престој. Каде ќе води одземањето на работничките права може само да се претпоставува, но ако постои начин да се создаде втора, обесправена класа на работници што ќе се случи со правото на глас? Новодојдените имигранти кои успеале да ја докажат нивната љубов кон Америка пред да им е одобрен влезот во САД ќе бидат законски третирани како нееднакви.

Манифестот на Скот го вклучува стариот наратив на бело-христијанскиот национализам кој датира од средината на деветнаесеттиот век, по Граѓанската војна во САД (Richardson 2020: 75). Противниците на идејата за еднакви права за сите пропагираа дека давањето на право на глас на поранешните робови ќе води кон нивното гласање за политичари кои ветуваат инвестиции во нови патишта, болници и училишта. Ваквите инвестиции ќе бараат нови или зголемени даноци кои неминовно ќе паднат врз грбот на земјопоседниците, сопствениците на фарми и бизниси. Според нив, давањето право на глас на поранешните робови е еднакво на редистрибуција на богатството или еднакво на социјализам. Со ваквата економска рационализација бранителите на расистичките идеи успеваа да ги избегнат критиките и да се прикажат како „...борци за класичниот американски идеал, слобода од државните регулативи” (ibid).

**VI.** „Ние ќе престанеме да поттикнуваме луѓе да дојдат во Америка за да добијат владини бенефиции. Ние имаме доволно приматели на социјална помош – нам ни се потребни продуктивни граѓани.“

Со други зборови, ни требаат работници кои ја сакаат Америка доволно да не се жалат кога ќе ги депортираме или оставиме на улица ако се отпуштени од работа.

Во следната точка од планот за имиграција Скот ветува дека исто така ќе се бори против сите тие кои не ја прифаќаат неговата имиграциона политика преку одземање на федерални фондови од „градови прибежишта“.

**VII.** „Ние ќе им одземеме секаква финансиска поддршка од ’градовите прибежишта’ и судски ќе ги прогонуваме нивните функционери кои ги игнорираат нашите закони за имиграција.“

Во осумдесеттите години во САД се појави прогресивно движење кое им понуди прибежишта на бегалците од граѓанските војни во Централна и Јужна Америка откако владата на САД почна да ги депортира (Henderson 2019). Цркви, градски собранија и други локации успеваа да оневозможат депортации на имигранти назад во воените зони во нивните родни земји. Такви градови и општини сè уште постојат низ САД што успева да ги фрустрира антиимиграционите политики на екстремната десница (ibid).

Не оставајќи простор за двопартиски компромис, Скот го нагласува својот црно-бел радикализам. Беззаконието на границата ќе прекине со нејзиното затворање и радикалното реформирање на условите за прилив на нови имигранти кои ќе мора да ги прифатат неговите нови правила и нивниот потчинет статус како услов за влез во САД.

**VIII.** „Ние ќе одбиваме секакви ’сеопфатни’ имиграциони мерки за реформа додека не го прекинеме беззаконието на нашата граница и додека таа граница е безбедна.“

Последната точка комбинира повеќе наративи кои се нераздвоен дел од колективниот ментален модел поврзан со американската историја, вредности и традиции. Топилнички казан „мелтинг пот“ е метафора за американското општество на почетокот на дваесеттиот век кога бегалци од погромите во источноевропските земји, и други

имигранти најдоа засолниште во големите урбани центри на САД и низ процесот на културна амалгамација го прифатија американскиот начин на живот, јазикот и вредностите. Идеализацијата на овој процес ја префрли самата идеја во сферата на митологија каде што отфрлањето на мултикултурализмот и комплетната асимилација беа гледани како услов за хармонична егзистенција меѓу припадниците на разнообразни етнички групи и култури (McDonald 2007 :50).

**IX.** „Ние сме против културна сегрегација. Ние веруваме во ’топилничкиот казан’, каде што луѓе од различно потекло безрезервно стануваат Американци, ’една нација со Бога нераздвојна, со правда и слобода за сите’.“

Тука Скот не испушта да го цитира американскиот залог на верност, наведувајќи го читателот да го апсорбира претходниот текст како негов интегрален дел. Речиси незамисливо е да се присуствува на јавен собир, состанок или конференција од каков било тип, особено на југот на САД, кој не почнува со сите присутни на нозе, свртени кон знамето рецитирајќи го залогот на верност. Прифаќањето на залогот значи прифаќање на планот на Скот за спас на Америка. За тие што не се согласуваат изгледа дека спасение не постои.

Во овој контекст опозицијата кон културна сегрегација без споменување на расна, класна или етничка е повик кон тоталитарно општество каде што постои една култура, една нација и еден план за нејзиното спасување кои заедно претставуваат нераздвоен дел од залогот на верност. Во нацистичка Германија слоганот беше „Ein Volk! Ein Reich! Ein Führer!” За Скот тие што не покажуваат љубов или верност кон Америка не ги исполнуваат условите и не припаѓаат тука. Иднината на САД предводена од Рик Скот е повик кон враќање во минатото. Повик кон расизам, дискриминација, сегрегација и експлоатација на мнозинството од страна на малцинството. Тоа е повик за придружување кон неговата персонална борба за власт преку манипулација на нативистичките инстинкти на електоратот и како таква ја потврдува хипотезата за американскиот парадокс.

# V. Пост скриптум

Додека го пишував ова поглавје, на 14 мај вестите нѐ информираа за уште едно масовно убиство во Бафало, Њујорк каде што беа застрелани десет купувачи во локалниот супермаркет, од страна на екстремист кој пред да го изврши нападот објавил манифест сличен на оној на норвешкиот масовен убиец Брејвик и пренесувал видео од злосторството во живо на интернет. Според полицискиот извештај, неговата мотивација и оправдување е „теоријата на замена“ според која белата раса во САД е во опасност да се претвори во малцинство (BNO 2022).

Неговиот генерално конфузен манифест е полн со контрадикции, но потеклото на неговата омраза е сосем јасно. Според него, „Диверзитетот по дефиниција е негација на еднаквоста. Не постојат две работи кои може да бидат вистински еднакви, особено човечките суштества.“ Супериорноста на белата раса, според него, мора да се одржи преку преземање контрола на градовите каде што се наоѓаат најголем дел од жителите со темна боја на кожата. Ваквиот милитантен расизам е присутен не само во САД туку и низ голем број европски земји што е исто така  евидентно од неговата демонизација на европски јавни личости  и влучувањето на теми од европскиот политички живот.

# VI. Заклучок

Целта на овој труд беше да ги проучи современите културни војни во САД како медиуми за перпетуирање на еден суштински идеолошки конфликт кој доведе до крвава граѓанска војна во деветнаесеттиот век. Крајот на вооружениот судир и победата над армијата на Јужната конфедерација не доведе до истовремен крај на идеолошката битка. Идејата за еднаквост преовлада меѓу законодавците на соединетите држави и победничката партија на Линколн, но поразената опозиција продолжи во постојана потрага по нов начин да го подрие концептот за еднаквост, да го саботира единството на нацијата и да најде голем број приврзаници, масовна публика која ќе ја прифати спротивната идеологија.

Сеништето на идејата за природна хиерахија одбива да исчезне од под белите чаршафи сè до ден-денес и иако е навидум дел од историјата, американската идеолошка историја не се повторува бидејќи во суштина останува непроменета.

Во поглавјето посветено на културата на отповик, видовме дека моќта на социјалните медиуми се користи за пропагирање на теории на заговор и регрутирање следбеници кои се подготвени идеолошки, финансиски или преку гласање да изразат поддршка за политички кандидати со реакционерни погледи. Многубројноста на учесниците, анонимноста и отуѓеноста од соучесниците ни покажува дека миграцијата на современата јавна сфера во дигиталниот свет овозможува манипулација на голем број луѓе преку ширење на теории на заговор без големи финасиски инвестиции. Социјалните мрежи и темните ќошиња на интернетот се докажаа како плодни простори за реставрација на реакционерни идеи и формирање на авторитарни движења.

Поглавјето посветено на критичката расна теорија ни покажува дека стариот метод за создавање на социјални конструкции се применува за демонизација на голем дел од популацијата која се етикетира како носители на „непожелен" систем на вредности и како такви тие не заслужуваат еднаков статус. Исто како што поранешните приврзаници на Конфедерацијата во седумдесеттите години од деветнаесеттиот век, во годините по Граѓанската војна се трудеа да им го одземат уставното право на глас на новоеманципираните поранешни робови обвинувајќи ги дека се гласачи за редистрибуција на богатството и за социјализам (Richardson 2020: 92), исто така и пропагандистите денес ги користат идентичните негативни стереотипи за „опасноста" од левичарски идеи.

Истото поглавје ни ги прикажува целта, идеите, „логиката“, механизмите на културните војни во САД и нивните заеднички карактеристики кои ја потврдуваат валидноста на хипотезата и обезбедуваат одговор на истражувачките прашања. Демонизацијата се врши со единствена намера да ги девалвира  застапниците на идејата за еднаквост како непријателски и социјално деструктивни, и со тоа да им го одземе легитимитетот, правото на глас и политичка репрезентација дури ако „треба” и преку насилство и нова граѓанска војна.

Ова поглавје го покажува процесот на манипулација на информациите и придавањето на „негативни“ вредности како основен механизам на културните војни и нивниот процес на креација на „нас“ и „нив“. Овој американски „јин и јанг“, оваа идеолошка поларизација исто така има културни, вредносни, класни, етнички и „расни“ елементи кои се образложени во поглавјето за имиграционата културна војна.

Последното поглавје ги потврдува претходните одговори на истражувачките прашања, но исто така додава нови аспекти на општествените услови во кои се интензивираат културните војни. Современите демографски промени во САД не се ништо ново или различно од претходните демографските промени. Приливот на популација претставува константа низ историјата на нацијата. Поглавјето за имиграционата културна војна ни покажува дека тоа не ги спречува бескрупулозните политичари и пропагандисти приливот на население да го прикажат како катаклизмичен процес кој ќе ги обесправи староседелците и ќе ги претвори во безгласно малцинство што создава страв, параноја и омраза преку манипулација на инстинктите, чувствата и фактите.

Претставувањето на приливот на бегалците од јужноамериканските жаришта на конфликт како инвазија создава чувства на неизвесност и анксиозност кои тогаш се користат за придобивање на следбеници и парични придонеси за политички кампањи. Поглавјето за имиграционите културни војни го илустира бескрупулозното манипулирање на припадниците на „бело-христијанскиот национализам“ со анализата на манифестот на сенаторот Скот. Оваа анализа ни покажува како Скот откако го фабрикува проблемот, „инвазијата”, понудува фабрикувана солуција преку имагинарниот ѕид за чија реализација тој се претставува себеси како единствен логичен избор.

За жал во САД премногу често сме сведоци на последиците од ваквата екстремна реторика која води кон радикализација, насилство и крвопролевање. Како што споменав во пост скриптумот на крајот на последното поглавје, манипулирањето на чувствата на страв од новодојдените имигранти води кон масовни убиства и напади врз невиното население. Нема сомнение дека вината за ваквото насилство лежи во теоријата за природна хиерахија и нејзините пропагандисти. За жал прашањето дали застапниците на идејата за еднаквост ќе успеат да го одржат доминантното место во американското општество моментално останува без категоричен одговор.

За огромното мнозинство социолози, социјални психолози и политиколози во САД сегашниот момент од домашната и глобалната историја е јасен. Времето за позивистички пристап во служба на етаблираните интереси е одлучно фрлено на ѓубриштето на историјата од страна на новата генерација. Автори, професори и истражувачи како Џенифер Марсиека, Џејмс Парисот, Филип Горски, Реџина Бејкер, Самуел Пери, Кристин ДуМеи, Хедер Кокс Ричардсон, Џејсон Блејкли, Џемар Тисби и Карен Стенер во нивните трудови јасно го посочуваат патот кон иднината на американската социологија и другите општествени науки: науката сама по себе нема моќ, туку се здобива со неа преку нејзината употреба од страна на моќни луѓе како сопствениците и клиентите на „Кембриџ аналитика“, поранешната компанија која беше платена да ги манипулира корисниците на Фејсбук во време на претседателските избори во САД во 2016 година. За ваквите општествени научници етичките принципи беа стока пакувана во согласност со пазарните потреби. Ова ни објаснува зошто новата генерација го избира гледиштето на обесправените и критички ја анализира употребата на општествените механизми од страна на моќните кои се одговорни за одржување на статус кво, за огромниот пораст на нееднаквоста и кои истовремено имаат монопол врз средствата и механизмите за спроведување на реформи.

Новата глобална задача на науката е да се демистифицираат културните војни, да се обнови дијалогот и да се зајакне заедништвото. Од моја перспектива во САД е многу охрабрувачки кога гледам дека моите колеги со страст го прифаќаат овој предизвик, истражуваат, анализираат, пишуваат, објавуваат и ги дискутираат нивните трудови на јавни собири, во цркви, универзитетски кампуси, на радио и телевизија и форуми на интернет. Се надевам дека мојот труд ќе биде почеток на понатамошни студии и ќе ми овозможи да продолжам во истата насока.

# VII. БИБЛИОГРАФИЈА

Acker, Antoine. (2018). How fascism went digital: A historian‘s perspective on Bolsonaro‘s victory in Brazil. Geschichte der Gegenwart. Retrieved May 7, 2022, from http://geschichtedergegenwart.ch/how-fascism-went-digital-a-historians-perspective-on-bolsonaros-victory-in-brazil/

Anderson, B. (2016). *Imagined communities: Reflections on the origin and spread of nationalism*. Verso.

Anzulovic, B. (1999). *Heavenly serbia: From myth to genocide*. New York University Press.

Al-Kire, R. L., Pasek, M. H., Tsang, J.-A., & Rowatt, W. C. (2021). Christian no more: Christian Americans are threatened by their impending minority status. Journal of Experimental Social Psychology, 97, 104223. https://doi.org/10.1016/j.jesp.2021.104223

"Anatomy of a Death Threat." *Reuters*, Thomson Reuters, 30 Dec. 2021, https://graphics.reuters.com/USA-ELECTION/THREATS/mopanwmlkva/index.html.

BBC. (2011, July 24). ‚Breivik Manifesto' details chilling attack preparation. BBC News. Retrieved April 30, 2022, from https://www.bbc.com/news/world-europe-14267007

Bell, D. (2000). Race, racism, and American law. Aspen Law & Business.

Benjamin, W. (2008). *The work of art in the age of its technological reproducibility, and other writings on Media*. The Belknap Press of Harvard Univ. Press.

Berger, Peter L., and Thomas Luckmann. *The Social Construction of Reality a Treatise in the Sociology of Knowledge*. Open Road Media, 2011.

Bergholz, M. (2016). *Violence as a generative force: Identity, Nationalism, and memory in a Balkan community*. Cornell University Press.

Bérubé, M. (2018). The way we review now. *PMLA/Publications of the Modern Language Association of America*, *133*(1), 132–138. https://doi.org/10.1632/pmla.2018.133.1.132

Bevir, Mark, and Jason Blakely. "Why Political Science Is an Ethical Issue." *Political Studies*, vol. 66, no. 2, 2017, pp. 425–441., https://doi.org/10.1177/0032321717723503.

Bevir, Mark. "Why Political Science Is an Ethical Issue." *Political Studies*, 1 Jan. 2017, http://cronfa.swan.ac.uk/Record/cronfa34110.

BNO News. (2022, May 15). *Gunman kills 10 at New York store while Livestreaming on Twitch*. BNO News. Retrieved May 14, 2022, from https://bnonews.com/index.php/2022/05/mass-shooting-supermarket-buffalo-10-dead/

Bonilla-Silva, E. (2017). *Racism without racists: Color-blind racism and the persistence of racial inequality in America*. Rowman & Littlefield Publishers.

Borter, G. (2021, September 22). *Explainer: What ‚critical race theory' means and why it's igniting debate*. Reuters. Retrieved April 29, 2022, from https://www.reuters.com/legal/government/what-critical-race-theory-means-why-its-igniting-debate-2021-09-21/

Colvin, J. (2022, January 16). *Some in GOP begin testing party's lockstep loyalty to trump*. The Hill. Retrieved May 14, 2022, from https://thehill.com/homenews/wire/589930-some-in-gop-begin-testing-partys-lockstep-loyalty-to-trump/

Cracks in the system: 20 years of the unjust federal crack cocaine law. American Civil Liberties Union. (n.d.). Retrieved April 29, 2022, from https://www.aclu.org/other/cracks-system-20-years-unjust-federal-crack-cocaine-law

Bouvier, Gwen. "Racist Call-Outs and Cancel Culture on Twitter: The Limitations of the Platform's Ability to Define Issues of Social Justice." *Discourse, Context & Media*, vol. 38, 2020, p. 100431., https://doi.org/10.1016/j.dcm.2020.100431

Bouvier, G. (2017). How journalists source trending social media feeds. *Journalism Studies*, *20*(2), 212–231. https://doi.org/10.1080/1461670x.2017.1365618

Chiluwa, I., & Bouvier, G. (2019). *Activism, campaigning and political discourse on Twitter*. Nova Science Publishers, Inc.

Bratslavsky, L., Carpenter, N., & Zompetti, J. (2019). Twitter, incivility, and Presidential Communication: A theoretical incursion into spectacle and power. *Cultural Studies*, *34*(4), 593–624. https://doi.org/10.1080/09502386.2019.1656760

Box-Steffensmeier, Janet M., et al. *The Oxford Handbook of Political Methodology*. Oxford University Press, 2010.

Braunstein, Ruth. "The 'Right' History: Religion, Race, and Nostalgic Stories of Christian America." *Religions*, vol. 12, no. 2, 2021, p. 95., https://doi.org/10.3390/rel12020095

Bruns, A., Highfield, T., & Burgess, J. (2013). The arab spring and social media audiences. *American Behavioral Scientist*, *57*(7), 871–898. https://doi.org/10.1177/0002764213479374

Burley, Shane, and Alexander Ross. "From Nativism to White Power: Mid-Twentieth-Century White Supremacist Movements in Oregon." *Oregon Historical Quarterly*, vol. 120, no. 4, 2019, p. 564., https://doi.org/10.5403/oregonhistq.120.4.0564

Castells, M. (2018). *Networks of outrage and hope: Social movements in the internet age*. Polity Press.

Clements, Austin J. "'The Franco Way': The American Right and the Spanish Civil War, 1936–9." *Journal of Contemporary History*, 2021, p. 002200942110630., https://doi.org/10.1177/00220094211063089.

Cobb, Jelani. "The Man behind Critical Race Theory." *The New Yorker*, 10 Sept. 2021, https://www.newyorker.com/magazine/2021/09/20/the-man-behind-critical-race-theory.

Crenshaw Kimberlé. (2010). *Critical race theory: The key writings that formed the movement*. New Press.

Crenshaw, K. W. (1988). Race, reform, and retrenchment: Transformation and legitimation in Antidiscrimination Law. *Harvard Law Review*, *101*(7), 1331. https://doi.org/10.2307/1341398

Crusius, E. S. (2020, September 23). President issues contractor „critical race theory" executive order: Insights. Holland & Knight. Retrieved May 7, 2022, from https://www.hklaw.com/en/insights/publications/2020/09/president-issues-contractor-critical-race-theory-executive-order

Delgado, R., & Stefancic, J. (2001). Critical race theory: An introduction. New York University Press.

Denton, Sally. *The Plots against the President: FDR, a Nation in Crisis, and the Rise of the American Right*. Bloomsbury Press, 2019.

Department of Justice, U. S. A. O. (2020, August 20). *Leaders of ‚we build the wall' online fundraising campaign charged with defrauding hundreds of thousands of donors*. The United States Department of Justice. Retrieved June 6, 2022, from https://www.justice.gov/usao-sdny/pr/leaders-we-build-wall-online-fundraising-campaign-charged-defrauding-hundreds-thousands

DiAngelo, R. J. (2020). *White Fragility: Why it's so hard for white people to talk about racism*. Beacon Press.

Ditum, S. (2017, February 24). *Bad-faith justice: Ethics of the call-out*. Sarah Ditum. Retrieved June 6, 2022, from http://sarahditum.com/2014/02/23/bad-faith-justice-ethics-of-the-call-out/

*Estimates of the unauthorized immigrant population residing in the USA*. (n.d.). Retrieved May 13, 2022, from https://www.dhs.gov/sites/default/files/publications/immigration-statistics/Pop_Estimate/UnauthImmigrant/unauthorized_immigrant_population_estimates_2015_-_2018.pdf

Estulin, D. (2017). *True story of the Bilderberg Group*. Trine Day.

Fiorina, Morris P., et al. *Culture War ?: The Myth of a Polarized America*. Longman, 2011.

*Florida rejects publishers' attempts to indoctrinate students*. Florida Department of Education. (n.d.). Retrieved April 27, 2022, from https://www.fldoe.org/newsroom/latest-news/florida-rejects-

publishers-attempts-to-indoctrinate-students.stml?fbclid=IwAR3VmsKzNvJawEfuD5t5k315p0An9SLOs7TcBgkokQ9P8Iw31Ka1IPnl6CI

Gadamer, Hans-Georg. *Truth and Method*. Bloomsbury Academic, 2014.

Geertz, Clifford. *The Interpretation of Cultures: Selected Essays*. Basic Books, 1973.

Gellner, E., & Breuilly, J. (2009). *Nations and Nationalism*. Cornell University Press.

Gerring, John. *Social Science Methodology: A Criterial Framework*. Cambridge Univ. Press, 2010.

Goertz, Gary, and James Mahoney. *A Tale of Two Cultures: Qualitative and Quantitative Research in the Social Sciences*. Princeton University Press, 2012.

Goertzel, T. (1994). Belief in conspiracy theories. *Political Psychology*, *15*(4), 731. https://doi.org/10.2307/3791630

Goldberg, D. T. (2009). *The threat of race: Reflections on racial neoliberalism*. Wiley-Blackwell.

Goodin, Robert E. *The Oxford Handbook of Political Science*. Oxford University Press, 2014.

Gramsci, Antonio, and Quintin Hoare. *Selections from the Prison Notebooks*. Aakar Books, 2018.

Gorski, P. (2017). *American Covenant: A history of civil religion from the Puritans to the present*. Princeton University Press.

Gorski, P. S. (2020). *American Babylon: Christianity and democracy before and after Trump*. Routledge.

Greenfeld, L. (2019). *Nationalism a short history*. Brookings Institution Press.

Habermas Jürgen. (1991). *The structural transformation of the public sphere: An inquiry into a category of Bourgeois Society*. Polity.

Hajer, Maarten A., and Hendrik Wagenaar. *Deliberative Policy Analysis: Understanding Governance in the Network Society*. Cambridge University Press, 2006.

Hedges, Chris. *American Fascists: The Christian Right and the War on America*. Free Press, 2008.

Heikkilä, N. (2017). Online antagonism of the alt-right in the 2016 election. *European Journal of American Studies*, *12*(2). https://doi.org/10.4000/ejas.12140

Henderson, R. (2019, September 30). *The atavism of cancel culture*. City Journal. Retrieved June 6, 2022, from https://www.city-journal.org/cancel-culture

Henderson, T. (2019). *Cities, states resist - and assist - immigration crackdown in new ways*. The Pew Charitable Trusts. Retrieved May 14, 2022, from https://www.pewtrusts.org/en/research-and-analysis/blogs/stateline/2018/08/03/cities-states-resist-and-assist-immigration-crackdown-in-new-ways

Hinton, Alex. "Opinion: 70 Years Ago Black Activists Accused the U.S. of Genocide. They Should Have Been Taken Seriously." *POLITICO*, POLITICO, 29 Dec. 2021, https://www.politico.com/news/magazine/2021/12/26/black-activists-charge-genocide-united-states-systemic-racism-526045.

Hofstadter, Richard. *The American Political Tradition and the Men Who Made It*. Knopf, 1948

Hofstadter, R., & Wilentz, S. (2012). *The paranoid style in American politics*. Vintage Books a division of Random House.

Horkheimer, M., Adorno, T. W., Jephcott, E., & Noeri, G. S. (2002). *Dialectic of enlightenment*. Stanford University Press.

Hunter, James Davison. *Culture Wars: The Struggle to Define America*. Basic Books, 1991.

Jackson, S. J., Bailey, M., & Foucault Welles, B. (2020). *#HashtagActivism - Networks of Race and Gender Justice*. The MIT Press.

Jay, M. (2020). *Splinters in your eye. Frankfurt School provocations*. Verso Books.

Jay, M. (n.d.). *Dialectic of counter-enlightenment: The Frankfurt School as scapegoat of the lunatic fringe*. Canadian Institute for the Study of Antisemitism. Retrieved May 1, 2022, from http://canisa.org/blog/dialectic-of-counter-enlightenment-the-frankfurt-school-as-scapegoat-of-the-lunatic-fringe

Jeansonne, Glen, and David Luhrssen. *A Time of Paradox: America from Awakening to Hiroshima, 1890-1945*. Rowman & Littlefield, Publishers, Inc., 2007.

Jeansonne, Glen, and David Luhrssen. *War on the Silver Screen: Shaping America's Perception of History*. Potomac Books, an Imprint of the University of Nebraska Press, 2014.

Jeffries, Stuart. *Grand Hotel Abyss: The Lives of the Frankfurt School*. Verso, 2017.

Jones, R. P. (2017). *The end of White Christian America*. Simon & Schuster.

Kaufmann, E. (2022, January 26). *The politics of the culture wars in Contemporary America*. Manhattan Institute. Retrieved June 6, 2022, from https://www.manhattan-institute.org/kaufmann-politics-culture-war-contemporary-america

Kirk, D. A. (2019, September 30). *Calling out call-out culture*. Medium. Retrieved June 6, 2022, from https://gen.medium.com/callingout-call-out-culture-dresses-mental-health-and-the-destructive-nature-ofonline-shaming-1eaac4e164a

Kohn, H. (2017). *The idea of Nationalism: A study in its origins and background*. Transaction Publishers.

Lin, Ann Chih. "Bridging Positivist and Interpretivist Approaches to Qualitative Methods." *Policy Studies Journal*, vol. 26, no. 1, 1998, pp. 162–180., https://doi.org/10.1111/j.1541-0072.1998.tb01931.x.

Livesey, James. "James T. Kloppenberg. toward Democracy: The Struggle for Self-Rule in European and American Thought." *The American Historical Review*, vol. 122, no. 2, 2017, pp.

467–470., https://doi.org/10.1093/ahr/122.2.467.

MacKinnon, R. (2011, April). *Liberation technology: China's „Networked authoritarianism"*. Journal of Democracy. Retrieved June 6, 2022, from https://www.journalofdemocracy.org/articles/liberation-technology-chinas-networked-authoritarianism/

Matamoros-Fernández, A. (2017). Platformed racism: The mediation and circulation of an Australian race-based controversy on Twitter, Facebook and YouTube. *Information, Communication & Society*, *20*(6), 930–946. https://doi.org/10.1080/1369118x.2017.1293130

Matei, A. (2019, November 1). *Call-out culture: How to get it right (and wrong)*. The Guardian. Retrieved June 6, 2022, from https://www.theguardian.com/lifeandstyle/2019/nov/01/call-out-culture-obama-social-media

Mayr, A., & Machin, D. (2012). *How to do critical discourse analysis: A multimodal introduction*. Sage Publications.

Making monsters: Right-wing creation of the liberal enemy ... (n.d.). Retrieved January 31, 2022, from https://www.audible.com/pd/Afghanistan-War-Veteran-and-Journalist-Laura-Jedeed-Podcast/B093YK4KRY

McComish, M. (2022, April 28). *Black voices: Why are people afraid of critical race theory?* Indiana Daily Student. Retrieved May 4, 2022, from https://www.idsnews.com/article/2022/04/black-voices-why-are-people-afraid-of-critical-race-theory

McDonald, J. (2007). *American ethnic history: Themes and perspectives*. Edinburgh University Press.

McGraw, Meridith. "Trump Raised Millions but Spent None of It on Audits and GOP Candidates." *POLITICO*, POLITICO, 3 Aug. 2021, https://www.politico.com/news/2021/08/03/trump-spending-millions-gop-candidates-502233

Mebane, Walter R., and Jasjeet S. Sekhon. "Robust Estimation and Outlier Detection for Overdispersed Multinomial Models of Count Data." *American Journal of Political Science*, vol.

48, no. 2, 2004, pp. 392–411., https://doi.org/10.1111/j.0092-5853.2004.00077.x.

Mercieca, Jennifer R. “Dangerous Demagogues and Weaponized Communication.” *Rhetoric Society Quarterly*, vol. 49, no. 3, 2019, pp. 264–279., https://doi.org/10.1080/02773945.2019.1610640.

Mercieca, Jennifer R. *Demagogue for President: The Rhetorical Genius of Donald Trump*. Texas A&M University Press, 2020.

Mercieca, Jennifer. “The Emergence of the Outrage Presidency.” *OAKTrust Home*, Spectra, 9 Mar. 2020, https://oaktrust.library.tamu.edu/handle/1969.1/187515.

Milkman, Ruth. *Immigrant Labor and the New Precariat*. Policy Press, 2020.

Minnicino, M. J. (1992). *The new dark age: The Frankfurt School and ‚political correctness‘.* Schiller Institute.

Neiwert, D. A. (2017). *Alt-America: The rise of the radical right in the age of trump*. Verso.

*NYT: A certificate of embarrassment*. NYTimes.com. (2011, April 27). Retrieved May 7, 2022, from https://web.archive.org/web/20110429060847/http://www.nytimes.com/2011/04/28/opinion/28thu1.html

Oliver, J. E., & Wood, T. J. (2014). Conspiracy theories and the paranoid style(s) of mass opinion. American Journal of Political Science, 58(4), 952–966. https://doi.org/10.1111/ajps.12084

Ott, B. L. (2016). The age of twitter: Donald J. Trump and the politics of Debasement. *Critical Studies in Media Communication*, *34*(1), 59–68. https://doi.org/10.1080/15295036.2016.1266686

Paine, Thomas. *Common Sense*. Mint Editions, 2020.

Popper, K. R. (1963). *The high tide of prophecy: Hegel, Marx and the aftermath*. Harper and Row.

Postal, L. (2022, April 19). *School districts ‚taken aback‘ over Florida‘s banning of math books*.

Orlando Sentinel. Retrieved April 28, 2022, from https://www.orlandosentinel.com/news/education/os-ne-florida-textbooks-central-florida-schools-20220418-fbmor3rpvjbklm3x4e2yhk7wou-story.html?utm_source=newsletter&utm_medium=email&utm_campaign=Orlando+Morning+Report&utm_content=1421650362744&smtrctid=

Ray, Rashawn, and Alexandra Gibbons. "Why Are States Banning Critical Race Theory?" *Brookings*, Brookings, 26 Jan. 2022, https://www.brookings.edu/blog/fixgov/2021/07/02/why-are-states-banning-critical-race-theory/.

Renton, Dave. *No Free Speech for Fascists Exploring ‚No Platform' in History, Law and Politics*. Routledge, 2021.

Richardson, Heather Cox. *How the South Won the Civil War: Oligarchy, Democracy, and the Continuing Fight for the Soul of America;Oligarchy, Democracy, and the Continuing*. Oxford University Press UK, 2020.

Scott, R. (2022, February 25). *Rick Scott's 11 point plan to rescue America*. Rescue America. Retrieved May 18, 2022, from https://rescueamerica.com/11-point-plan/

Shams, Tahseen. "The Immigrant Threat Narrative and the Politics of Resentment." *Contemporary Sociology: A Journal of Reviews*, vol. 51, no. 1, 2021, pp. 1–5., https://doi.org/10.1177/00943061211062958.

Simons, G. J. (2021, October 28). *Cancel culture and the future of Western Civilization*. L'Eurispes. Retrieved June 6, 2022, from https://www.leurispes.it/between-caligula-and-nero-cancel-culture-and-the-future-of-western-civilization/

Smith, A. D. (1983). *Theories of nationalism: Anthony D. Smith*. Holmes & Meier.

Smith, A. D. (1993). *National identity*. Univ. of Nevada Press.

Standing, G. (2021). *The precariat: The new dangerous class*. I.B. Tauris.

Stanley, Jason. *How Fascism Works: The Politics of Us and Them*. Random House Trade Paperback, 2020.

Storrs, L. R. (2015). McCarthyism and the Second Red Scare. *Oxford Research Encyclopedia of American History*. https://doi.org/10.1093/acrefore/9780199329175.013.6

Swiping right - the allure of Hyper Masculinity and ... (n.d.). Retrieved January 31, 2022, from https://icct.nl/app/uploads/2020/05/Swiping-Right-The-Allure-of-Hyper-Masculinity-and-Cryptofascism-for-Men-Who-Join-the-Proud-Boys.pdf

Taylor, Charles. "Explanation and Practical Reason." *The Quality of Life*, 1993, pp. 208–231., https://doi.org/10.1093/0198287976.003.0017.

Timothy, Snyder. *Road to Unfreedom: Russia, Europe, America*. VINTAGE, 2019.

Traina, Robert A. *Methodical Bible Study*. Zondervan, 2002.

Trump, Mary L. *Too Much and Never Enough: How My Family Created the World's Most Dangerous Man*. Simon & Schuster, 2020.

Turley, J. (2019, October 2). *Report: Trump allegedly suggested shooting migrants in the legs and building a moat*. Jonathan Turley. Retrieved May 14, 2022, from https://jonathanturley.org/2019/10/02/report-trump-allegedly-suggested-shooting-migrants-in-the-legs-and-building-a-moat/

Tylor, Edward B. *Primitive Culture: Researches into the Development of Mythology, Philosophy, Religion, Language, Art and Custom*. Dover Publications, 2016.

USAFacts. (2022, April 18). *Where are immigrants moving to in the US?* USAFacts. Retrieved May 13, 2022, from https://usafacts.org/articles/where-are-immigrants-moving-to-in-the-us/?utm_source=Twitter&utm_medium=Paid&utm_campaign=General&utm_content=ImmigrantsMoving_Population_Desktop&twclid=26v0zxlbhvgcd9s5d86h5unpot#footnote-1

Uscinski, Joseph E., and Joseph M. Parent. "Who Are the Conspiracy Theorists?" *American Conspiracy Theories*, 2014, pp. 73–104., https://doi.org/10.1093/acprof:oso/9780199351800.003.0004.

Vogels, E. A., Anderson, M., Porteus, M., Baronavski, C., Atske, S., McClain, C., Auxier, B., Perrin, A., & Ramshankar, M. (2021, September 27). *Americans and ‚cancel culture': Where some see calls for accountability, others see censorship, punishment*. Pew Research Center: Internet, Science & Tech. Retrieved June 6, 2022, from https://www.pewresearch.org/internet/2021/05/19/americans-and-cancel-culture-where-some-see-calls-for-accountability-others-see-censorship-punishment/#open-ended-responses

Wahyudiputra, Alexei, et al. "The Weinstein Effects: Forecasting the Genesis of Cancel Culture in Hollywood Industry." *ANAPHORA: Journal of Language, Literary and Cultural Studies*, vol. 4, no. 1, 2021, pp. 39–47., https://doi.org/10.30996/anaphora.v4i1.4710.

Whitehead, A. L., & Perry, S. L. (2020). *Taking america back for god: Christian nationalism in the United States*. Oxford University Press.

Whitman, James Q. *Hitler's American Model: The United States and the Making of Nazi Race Law*. Princeton University Press, 2018.

Wildt, Michael, and Tom Lampert. *An Uncompromising Generation: The Nazi Leadership of the Reich Security Main Office*. University of Wisconsin Press, 2009.

Williams, Bernard. *Ethics and the Limits of Philosophy*. Harvard University Press, 1985.

Wodak, R., & Meyer, M. (2001). *Methods of critical discourse analysis*. SAGE.

Yang, G. (2014). Internet activism & the party-state in China. *Daedalus*, *143*(2), 110–123. https://doi.org/10.1162/daed_a_00276